# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО



| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 31.08.2018<br>БРОЈ 11 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |



## С О Д Р Ж И Н А


З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321………………………………………………………………………………

О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321………………

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321

О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321……………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година……………………………………………………………………

Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година…………………………………………………………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор…………………………………………………………………...

О Д Л У К А За утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор……………...

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Берово……………………………………………………

О Д Л У К А за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Берово..

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за дислокација на опрема од градскиот пазар поради изградба на современ Зелен пазар во Берово………………………………………………...

О Д Л У К А за дислокација на опрема од градскиот пазар поради изградба на современ Зелен пазар во Берово…………………………………………………………………………………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на донација…………………......

О Д Л У К А за прифаќање на донација……………………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за недонесување на Одлука за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван……………….

З А К Л У Ч О К за недонесување на О Д Л У К А за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за определување на првенец на генерација во основните и средното училиште во Општина Берово……

ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за определување на првенец на генерација во основните и средното училиште во Општина Берово………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година (втор квартал)…………………………………………

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година (втор квартал)……………………………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година (втор квартал)……………………………………………………………………………………..

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година (втор квартал)………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година (втор квартал)………..

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година (втор квартал)……………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ "Дедо Ињо Малешевски" Берово……………………………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ "Дедо Ињо Малешевски" Берово…………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ "Ацо Русковски" Берово

З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ "Ацо Русковски" Берово……………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово……………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, општина Берово……….

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Правилникот за утврдување на редот, работното време и обезбедувањето мир на гробиштата…………………………

З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Правилникот за утврдување на редот, работното време и обезбедувањето мир на гробиштата…………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Одлуката за цени за користење на комунална инфраструктура на гробиштата – капела…………………………………...

З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Одлуката за цени за користење на комунална инфраструктура на гробиштата – капела………………………………………………………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Тарифник за депонирање на отпад……………………………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Тарифник за депонирање на отпад……………………

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година……………………………………………………

З А К Л У Ч О К за усвојување на Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година……………………………………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Шестмесечен Финансиски Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година…………………………………...

З А К Л У Ч О К за усвојување на Шестмесечен Финансиски Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година……………………………………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2018 година…………………………………………..

ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2018 година……………………………………………………………………………………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на донација……………………..

О Д Л У К А за прифаќање на донација…………………………………………………………………

О Д Л У К А за давање согласност на Одлуката на Советот на Општина Берово за утврдување приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321………………………………

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Бошнаковска Тача....................................................................................................................……………..

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Јован Кржовски...........................................................................................................................……………..

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Кирил Кржовски...........................................................................................................................……………..

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на МПЦ-Охридска Архиепископија СПЕ – Манастир Успение на Пресвета Богододица - Берово ……………

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Барије Бекирова....................................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Јованчо Пачарски...................................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Марина Литајковска..............................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Ахмеда Мустафова...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Горазд Коколански...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Елена Цикарска...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Васко Саканарски...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Даниел Черговски...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Дарко Скендерски...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Ели Бубевска...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Ефимија Полевска...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Јован Русковски...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година Кристина на Панковска Гошевска...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Академијата ФК Малеш Вардар Берово...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Пингпонгарски Клуб Берово...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Бранка Фурнаџиска...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Бранче Милчовски...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Кирил Пурески...........................................................................................................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за утврдување на приоритет за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година
за мерка 321

Се објавува О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321, Бр.09-2792/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/1
31.08.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02 , 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со Јавниот повик бр.02/2018 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, Советот на Општина Берово на 12-тата седница одржана на ден 30.08.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на приоритет за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321**

Член 1

Се утврдува приоритет на проектот „**Реконструкција и рехабилитација на локален пат, с. Владимирово до спој со регионален пат Р 1304 с. Мачево“.**

Член 2

Средства за реализација на проектот од член 1 на оваа Одлука ќе се користат од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2792/1
30.08.2018 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за давање согласност за намената на инвестицијата од
Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој
за 2018 година за мерка 321

Се објавува О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321, Бр.09-2793/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/2 ОПШТИНА БЕРОВО
31.08.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02 , 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со Јавниот повик бр.02/2018 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, Советот на Општина Берово на 12-тата седница одржана на ден 30.08.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 321**

Член 1

Советот на Општина Берово, дава согласност за намената на инвестицијата за проектот **Реконструкција и рехабилитација на локален пат, с. Владимирово до спој со регионален пат Р 1304 с. Мачево.**

Член 2

Средства за реализација на проектот од член 1 на оваа Одлука ќе се користат од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09- 2793/1 Совет на Општина Берово
30.08.2018 година Претседател
Берово Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година, Бр.09-2812/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/3
31.08.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на Р.М бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016)

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БЕРОВО**

**за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БЕРОВО за 2018 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **G20** | **ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ** | | | | | |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | -30,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | -20,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J60** | **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦІ** | | | | | |
| 424320 | Одржување на автопати, улици и патишта | -230,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J70** | **ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| 424590 | Одржување на други зелени површини | -150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 425190 | Изнајмување на друга опрема и опрема за специја | -70,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 540,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | -40,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V20** | **ДОМОВИ ЗА СТАРИ** | | | | | |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 100,000 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | -60,000 | 0 | 0 | 0 |
| 483190 | Купување на друг мебел | 0 | -40,000 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 09-2812/1
30/08/2018

Претседател на Советот на Општината
**Јован Матеничарски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
За утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор

Се објавува О Д Л У К А за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, Бр.09-2813/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/4 ОПШТИНА БЕРОВО
31.08.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/2002), член 21 став 2 од Закон за угостителската дејност (Службен весник на Република Македонија бр.62/2004………..71/2016), и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 30.08.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
За утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор

Член 1

Угостителската дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор се врши врз основа на лиценца.

Лиценцата ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

За добивање на лиценцата угостителот е должен да поднесе барање за издавање на лиценца на образец за платен надоместок до Министерството за Економија.

Член 2

Со оваа одлука Советот на Општина Берово ја утврдува висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор.

Член 3

Советот на Општина Берово ја утврдува висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор на следниот начин:

- За кабаре – надоместок во висина од 2.500 ЕВРА во денарска противвредност;
- За ноќен бар-надоместок во висина од 5.000 ЕВРА во денарска противвредност;

- За дискоклуб и дискоклуб на отворен простор -надоместок во висина од 7.000 ЕВРА во денарска противвредност.

Член 4

Надоместокот определен од членот 3 се распределува на следниот начин: 50% од истиот се уплатува на сметката на општината, а 50% се уплатува во Буџетот на Република Македонија во денарска противвредност според средниот курс на народната банка на РМ на денот на уплатата.

Член 5

Формата и содржината на образецот на барањето од членот 1 ги пропишува Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр. 09-2813/1
31.08.2018 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на
подрачјето на Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Берово, Бр.09-2814/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/5
31.08.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за комуналните дејности („Сл. Весник на Република Македонија„ бр.95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и 64/2018), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупрва („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово бр.13/02 ,18/07, 30/08 и 20/10) Советот на Општина Берово на Седницата одржана на 30.08.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Берово**

## I. Основни одредби

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат поблиските услови и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу давателите и корисниците на услугите на подрачјето на Општина Берово и мерките за нејзино спроведување.

**Член 2**

Под „комунален ред“ во смисла на оваа Одлука се подразбира поблиско уредување на односите и начинот на вршење на комунални дејности меѓу давателите на услугите и корисниците на услугите.

Комуналните дејности се дејности од јавен интерес.Под истите се подразбира:

1) изградба на водоснабдителен систем, обработка и снабдување со вода за пиење, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабителен систем до главниот водомер на корисникот на услугата;
2) изградба на водоснабдителен систем, обработка и испорака на технолошка вода, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабителен систем до главниот водомер на корисникот на услугата;
3) изградба на канализационен систем , одведување и пречистување на отпадните води, под што се подразбира прифаќање на отпадните води од стамбените , деловните, производните, административните и други објекти, агломератот од приклучокот на дворната мрежа преку канализациони системи, пречистување во пречистителни станици и испуштање на отпадните води во реципиентот;
4) изградба на канализациона мрежа , одведување и испуштање на атмосферки води, под што се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање на реципиентот;
5) јавен општински превоз, под што се подразбира превоз на патнициво патниот сообраќај на подрачјето на Општината;
6) изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти;
7) собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и интерен отпад, под што се подразбира собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на уредени депонии;
8) одржување на јавна чистота, под што се подразбира чистење(миење и метење) на јавни површини, јавни и отворени простори на јавни објекти и чистењена снегот во зимски услови;
9) одржување, чистење и користење на паркови, зоолошки градини, зеленило, парк шуми и рекреативни површини, под што се подразбира изградба, одржување и користење на зелени површини,садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрва и гранки;
10) одржување на сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта, под што се подразбира нејзино редовно и инвестиционо одржување;
11) поставување и одржување на јавно осветлување , под што се подразбира изградба и одржување на јавното осветлување;

12) одржување на гробишта, крематориуми и давање на погребални услуги, под што се подразбира определување, изградба и одржување на гробишта, гробни места, гробниците, придружните објекти и инфраструктурата во гробиштата и давање погребални услуги, како што се превземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото за погреб или кремирање;
13) отворени и затворени пазари на големо и мало , под што се подразбира изградба, одржување на објектите и просториот на истите;
14) оџачарски работи, под што се подразбира чистење на оџаци и опрема за одведување на чад;
15) отстранување и чување на хаварисани возила, уловување на животни скитници, украсување на населените места, одржување на јавните санитарни јазли, изградба и одржување на септички јами, чување на животни и домашни миленици во населени места;
16) испорака на гас од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот;
17) изградба и користење на јавниот простот за паркирање и на објектите кои се наоѓаат на тој простор;
18) изградба, одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори и
19) испорака на топлотна енергија од централниот извор на греење до мерниот инструмент на корисникот.

**Член 3**

Комуналните дејности од член 2 на оваа Одлука можат да ги вршат јавните претпријатија основани од Општина Берово, како и други домашни и странски физички и правни лица овластени од општината согласно Законот (во понатамошниот текст: даватели на услуги).

Давателите на услуги се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

Корисниците на услугата во смисла на оваа Одлука се сите домашни и странски физички и правни лица кои ги користат услугите, опремата, објектите и површините во сверата на комуналните дејности на подрачјето на Општина Берово.

Корисниците на услугите се должни да се придржуваат на одредбите од оваа Одлука заради непречно и функционално вршење на овие дејности кои се од јавен интерес.

**Член 4**

Јавни површини во смисла на оваа Одлука се:

- јавни сообраќајни површини (улици, коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, надвозници, подвозници, скалила што поврзуваат јавни сообраќајни површини, мостови, такси стојалишта, стојалишта на јавниот градски превоз и сл.површини);
- јавни зелени површини (паркови, парк-шуми, дрвореди, живи огради, тревници, цветници, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај стамбените објекти и покрај јавните објекти, спортско-рекреативните и водни површини и други слични површини);

Одредбите на оваа Одлука се однесуваат и на други површини определени со оваа Одлука.

**1. Снабдување со вода за пиење**

**Член 5**

Под поимот снабдување со вода за пиење се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

Вода за пиење е:

- секоја вода, во својата првобитна состојба или по третман, наменета за користење од страна на човекот, готвење, подготовка на храна или за други домашни намени, без оглед на тоа од каде потекнува и дали се снабдува од водоводната мрежа или од цистерни и
- водата што се користи за производство на храна-за производство, обработка и конзервирање или за продажба на производи или на материи наменети за консумирање од страна на човекот, освен доколку надлежните органи потврдат дека квалитетот на водата не може да влијае врз здравствената исправност на прехрамбениот готов производ.

Водоснабдителниот систем е збир на хидротехнички објекти за снабдување со вода за пиење и тоа: водозафат (место каде давателот на услугата зафаќа површинска или одземна вода), резервоар, објект за обработка на вода, пумпна или хлоринаторска станица, главен довод, магистрален вод, улична водоводна мрежа и водоводен приклучок заедно со придружните објекти и опрема за довод на вода од водозафатот до приклучокот на главниот водомер на корисникот на услугата.

Водоводната мрежа на корисникот на услугата е од главниот водомер до водомерната шахта и целокупната водоводна мрежа на корисникот на услугата.

Водоводниот приклучок е водоводна цевка од уличната мрежа, односно од регионалниот водоснабдителен систем до водоводниот вентил (затварач) пред главниот водомер на водоводниот приклучок.

Водомерна шахта е објект на корисникот на услугата во која се монтира (поставува) главниот водомер на водоводниот приклучок, од страна на Јавното претпријатие за комунални работи основано од општината во натамошниот текст (давател на услугата).

**Член 6**

Снабдувањето со вода за пиење е дејност од јавен интерес.

**Член 7**

Давателот на услугата врши снабдување со вода за пиење со зафаќањето, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителен систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

Давателот на услугата го врши управувањето и одржувањето на водоснабдителниот систем.

Давателот на услугата утврдува, надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителен систем и висината на надоместокот зависно од големината на водоводниот приклучок, трошоците за приклучување, хидро-техничките услови и друго, за која висина, согласност дава основачот односно Советот на Општина Берово.

**Член 8**

Давателот на услугата е должен:

1. На корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем;

2. По исклучок од став 1 на овој член ако дојде до нарушување или прекин во давањето на услугата во случај на оштетување на водоснабдителниот систем поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти во случај на недозволена периодична издашност на извориштата, во случај на здравствена неисправност на водата за пиење или во случај на прекин во снабдувањето со електрична енергија таму каде што давателот на услугата е зависен од истата, давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за нарушувањето или прекинот во давањето на услугата, согласно со закон;

3.Давателот на услугата е должен да врши испитување на здравствената исправност на водата за пиење на начин и постапка согласно со закон и прописите кои произлегуваат од него;

4. Да ги спроведува санитарно-хигиенските мерки потребни за обезбедување на здравствено исправна вода за пиење согласно со закон и прописите кои произлегуваат од него;

5. Непрекинато да ги одржува во исправна состојба објектите и инсталациите на водоснабдителниот систем на општината;

6. Да ги проширува изворите, објектите и мрежата на водоснабдителниот систем со цел што повеќе корисници да се приклучуваат на истиот, во зависност од сопствените можности, односно можностите на општината и Републиката;

7. Да ги изведува работите за водоводен приклучок од водоводната цевка од уличната мрежа до водоводниот вентил (затварач) пред главниот водомер во водоводната шахта;

8. Во случаите кога корисниците на услугата не можат да се снабдат со вода за пиење непрекината над 12 часа, давателот на услугата должен да ги снабди корисниците на услугата со вода за пиење на начин утврден со Планот за вршење на дејноста во вонредни околности;

9. Давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за начинот на снабдувањето од став 8 на овој член.

10. Давателот на услугата е должен да донесе План за начинот на вршењето на дејноста во вонредни околности, согласно со стандардите и вредностите на квалитетот на водата и неопходното количество на вода за пиење во согласност со Советот на Општина Берово;

11. Давателот на услугата е должен на барање на инвеститорот пред добивањето на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект да издаде потврда за постоење или непостоење на водоводна мрежа под објектот на кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа;

12. Давателот на услугата е должен да обезбеди целосна документација за водоснабдителниот систем, заради воспоставување на подземен катастар;

13. Давателот на услугата е должен да го одржува во исправна и функционалана состојба водоснабдителниот систем од денот на добивањето на решение за употреба;

14. Давателот на услугата е должен да го одредува и водоводниот приклучок на корисникот на услугата и тоа:

-водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајки го и првиот вентил пред водомерот кај индивидуалните стамбени објекти, односно до границата на имотот-локацијата ако водомерната шахта е поставена на непрописно и непристапно место или е сместена во подрумски простории,

- водоводна инсталација до надворешниот ѕид од стамбениот објект ако главниот водомер се наоѓа во објектот, за колективни стамбени згради и

- водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајки го првиот вентил пред водомерот, ако водомерната шахта се наоѓа пред колективната стамбена зграда.

15. Давателот на услугата е должен претходно да прибави одобрение за раскопување од органот надлежен за издавање на одобрение за градење, односно од Одделението за комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово во случаите кога отстранувањето на дефектот бара раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина.

Доколку дефектот на водоснабдителниот систем бара итно отстанување поради опасност од настанување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина давателот на услугата го врши веднаш без да прибави одобрение но за превземените мерки е должен писмено да го извести органот за издавање на одобрение за градење односно Одделението за комунални работи и заштита на животната средина.

По завршувањето на работите давателот на услугата должен е улицата, коловозот, јавната или зелена површина да ги доведе во правобитна состојба.

16. Давателот на услугата е должен да ја надомести евентуалната штета на сопственикот или кориснилот на земјиштето настаната со изведување на работите заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од водоводниот систем;

17. Давателот на услугата е должен изградбата, реконструкцијата или доградбата на водоснабдителниот систем да ја врши на начин и услови определени со закон и со Програмата за уредување на градежното земјиште на Општина Берово;

18. Давателот на услугата е должен да ја определи цената за кубен метар потрошена вода за пиење и надоместокот за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем, согласно одредбите од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

**Член 9**

При изведување на водоводната мрежа, давателот на услугата е должен да поднесе барање до Секторот за урбанизам комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово заради добивање одобрение за градба.

**Член 10**

За приклучување на новите корисници на водоводната мрежа како и за зголемување на од порано добиената согласност за едновремен проток на потрошувачката на вода, корисниците на услугата претходно се должни од давателот на услугата да прибават водоприклучна согласност.

**Член 11**

Давателот на услугата ќе издаде водоприклучна согласност ако тоа го дозволуваат техничките е економските можности, ако предвиденото зголемување на потрошувачката на расположливата вода е во согласност со програмата за развој и со плановите за изградба на јавниот водовод и ако со тековното зголемување на потрошувачката на вода битно не се влоши квалитетот, квантитетот на водоснабдување на постојните корисници на услугите.

**Член 12**

Новите корисници на услугите можат да бидат приклучени на постојниот јавен водовод доколку ги исполнуваат условите утврдени со важечките прописи и технички нормативи со кои се обезбедува непречна испорака на квалитетна вода во договорената количина, проток, континуитет и безбедност на луѓето и објектите.

**Член 13**

Новите корисници на услугите ќе бидат приклучени на јавниот водовод само ако водоводната инсталација во нивните објекти е изградена според важечките прописи и техничките нормативи и истата е изгардена од правно и физичко лице што врши дејност, овластено да изведува водоводна инсталација.

**Член 14**

Бесправно изградените објекти не смеат да се приклучуваат на водоводната мрежа и систем.

**Член 15**

Со водоприклучната согласност се определуваат условите и начинот на приклучување на корисниците на јавниот водовод, како и меѓусебните права и обврски помеѓу давателот на услугите и корисникот на услугите.

**Член 16**

Давателот на услугите е должен во рок од 30 дена сметано од денот на поднесувањето да се произнесе по барањето за добивање на водоприклучна согласност.

**Член 17**

Барањето за водоприклучна согласност мора да содржи:

а) за големите потрошувачи-стопански и други објекти, локација на објектот, време на приклучување, намена на потрошувачката на вода, едновремено баран проток, инсталиран проток на објектот, инсталиран проток на објектот, режим на користење на водата во месеци и вкупната годишна потрошувачка;

б) за индивидуалните стамбени згради-локацијата на објектот, податоци за стамбената зграда и тоа бројот на станови, катност и број на влезовите едновремено баран проток-максимален проток и време на приклучување;

в) за колективните стамбени згради-локација на објектот, број на становите, број на влезовите и катноста едновремено баран проток-максимален проток и време на приклучување;

**Член 18**

Решението за водоприклучна согласност содржи: - техничките и економските услови за приклучување, а особено: место, време и потребен притисок на приклучокот, одобрен проток и притисок, водоводни обврски на давателот на услугите во врска со снабдувањето на корисникот на услугите, обврски на корисникот на услугите во врска со користењето на водата, начинот на изведување на приклучокот, приклучување на корисникот, технички барања и услови кои мораат да бидат почитувани при изградбата на приклучокот, рок за склучување на писмен договор за надоместување на трошоците на давателот на услугите и другите меѓусебни обврски, износот на надоместокот за приклучување на нови потрошувачи, односно зголемување на едновремениот проток и начин на плаќање, увид во техничката документација, надзор, технички прием и ставање под притисок на објектот, рок на склучување на договор за испорака на вода и услови за отстапување на основните средства.

**Член 19**

Веднаш по добивањето на решението за водоприклучна согласност, корисникот на услугите склучува договор со давателот на услугите, за рокот за плаќање на надоместокот, рокот за приклучување, условите за реализација на водоприклучната согласност, почеток на превземањето на водата по потреба и динамиката на превземањето на водата, како и другите права и обврски.

До колку се предвиди подолг рок на надоместокот, со договор ќе се дефинира начинот и времетраењето на плаќањето.

За секој приклучок давателот на услугите е должен да води техничка документација.

**Член 20**

Давателот на услугите врши набавка и замена на водомерните делови на корисниците.

Корисникот на услугите е должен да се грижи за водомерот за да не дојде до негово оштетување.

Доколку водомерот биде оштетен од негрижа на корисникот на услугите замената и поправката ќе се врши на негов терет.

Во сите други сличаи, поправката на водомерот и неговата замена паѓа на товар на давателот на услугите, како и трошоците за негово баждарње. До колку баждарењето дојде по вина на корисникот на услугите, трошоците паѓаат на негов терет.

**Член 21**

Чистењето, монтирањето и демонтирањето на водомерите се врши од овластено лице на давателот на услугите.

Корисникот на услугите е должен на овластеното лице да му овозможи непречено чистење и демонтирање на водомерот ако за тоа постојат оправдани причини.

При оштетување на водоводната мрежа давателот на услугите е должен да ги превземе потребните мерки за отстранување.

Кога доаѓа до дефект на главната водоводна и канализациона мрежа во колективните стамбени објекти него го отстранува давателот на услугите, а трошоците за извршената работа солидарно ги поделува на сите корисници на водоводната и канализационата линија и трошоците ги наплаќа преку сметката за потрошената вода.

**Член 22**

Во случај на предвидливи прекини на водоснабдувањето, давателот на услугите е должен преку средствата за јавно информирање да ги извести корисниците на услугите за времетрењето на прекинувањето на водата за реонот каде таа ќе биде прекината пред да се прекине водата.

Во колку давателот на услугите не постапи според горенаведениот став, должен е на корисниците да им ја надомести причинетата штета од некористењето на водата.

**Член 23**

Корисникот на услугите е должен да го извести веднаш давателот на услугите за секаков дефект што ќе настане на водоводниот приклучок и на водоводните шахти. По

добивањето на известувањето давателот на услугата, а најдоцна за 6 часа е должен да превземе мерки за отстранување на дефектот. Корисникот на услугите, доколку не го пријави настанатиот дефект, должен е да ја надомести штетата.

**Член 24**

Користењето на водата од противпожарните и уличните хидранти е исклучиво наменски.

До колку физички, правни или граѓанско правни лица користат вода од противпожарните и уличните хидранти ненаменски, истите се исклучуваат од понатамошно користење на водата од хидрантите и ги сносат сите трошоци настанати за враќање во првобитна положба.

**Член 25**

Во колку корисникот на услугите, е во реон каде што не поминал јавниот водовод, можно е истиот да се приклучи со доградба на водоводната мрежа под следните услови:

- на терет на корисникот се направи проширување на јавната водоводна мрежа и на јавниот водоводен објект за обезбедување на количина на вода што ја бара корисникот на услугите.
- во случај ако постои водоводна мрежа во близина на јавниот водоводен објект, а капацитетот на водата не ги задоволува потребите на корисникот на услугите, трошоците за зголемување на капацитетот ќе ги сноси корисникот.

**Член 26**

Услугите за користење на вода, давателот на услугите може да ги откаже во следните случаи:

- ако местото каде што се наоѓа водомерот е нечисто, затрупано или непристапно, а корисникот не ги отстрани недостатоците и по писмената опомена од овластено лице на давателот на услуги;
- по решение на санитарната инспекција ;
- ако корисникот на услугите без одобрение или знаење на давателот на услугите приклучи друг корисник;
- ако корисникот на услугите самоволно се приклучи на јавната водоводна мрежа;
- ако корисникот на услугите не ја измири сметката за потрошената вода за 3 месеци, а по претходно добиена опомена;
- ако се приклучи пред водомерот;
- ако водата ја употребува за залевање на земјоделски површини.

**Член 27**

Давателот на услугите еднствено има право да ја отвори и затвори арматурата од двете страни на водомерот, по исклучок корисникот на услугите може да ја затвори арматурата ако дојде до дефект или поголема поправка на внатрешната инсталација, а арматурата пред водомерот само во случај на дефект на водомерот и тоа веднаш или најкасно во рок од 24 часа за дефектот да го извести давателот на услугите.

Ако корисникот смета дека водомерот е неисправен може да побара давателот на услугата да изврши преглед на водомерот.

**Член 28**

Над и покрај водоводната шахта и приклучоците како што се затварачи, огрлици, улични хидранти и шахти, не е дозволено депонирање на било каков матерјал кој ќе ја оневозможи нивната употреба.

До колку се случи тоа, давателот на услугите за сметка на корисникот ќе ги депонира истите.

**Член 29**

При одржување на јавната водоводна мрежа и приклучоците ако над нив веќе има изградено објект или поминува преку земјиште и дворно место на корисникот, давателот

на услугите има право на непречена работа, а сопственикот на земјиштето има право на надоместок поради извршување на работите. Надоместокот го сноси давателот на услугите.

Одредбите од став 1 на овој член нема да се применуваат до колку веќе изградените објекти под кои се врши монтирање или одржување на јавниот водовод се без уредна документација.

**Член 30**

До колку дојде до преместување на водоводната мрежа и приклучоци за спроведување на урбанистичкиот план, како и за доградба на подземни инсталации, сообраќајници и други објекти, трошоците ќе ги сноси инвеститорот на објектот кој го предизвикува преместувањето на водоводните линии.

**Член 31**

Корисниците на услугите се должни:

1.Пред добивањето на одобрение за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект, инвеститорот е должен да прибави потврда од давателот на услугата за постоење или непостоење на водоводна мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа;

2.При дефект на водоводна мрежа која поминува низ имотот на физичко или правно лице, сопственикот, односно корисникот на имотот е должен да му овозможи на давателот на услугата непречено отстранување на дефектот;

3. Над и покрај водомерната шахта, во пречник од најмалку 3 метри, корисникот на услугата не смее да депонира каков било матерјал, со кој би се оневозможила нејзината употреба и користење.

4. Сопственикот или корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште заради вршење, премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструција на објектите од водоснабдителниот систем;

5. Секој корисник на услугата е должен да има сопствен водомер како единствено мерно средство за определување на потрошувачката на вода на корисникот на услугата во поглед на фактурирањето;

6. Корисникот на услугата е должен да овозможи пристап на овластен работник на давателот на услугата заради чистење на водомери и одржување на водоводниот приклучок, како и за контрола на исправноста на хидрофорските постројки и други уреди чија неисправност може да предизвика штета на уличната водоводна мрежа;

7. Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен и слично, корисникот на услугата е должен во рок од 3 дена од констатирањето на дефектот за тоа да го извести давателот на услугата.

8. Физичките и правни лица кои произведуваат и вршат промет со прехрамбени производи и пијалици, а кои се лоцирани (поставени) на просторот опфатен со урбанистичкиот план на општината, во реоните каде што постои можност за користење на вода од водоснабдителниот систем, должни се да се приклучат и да ја користат водата од водоснабдителниот системсо кој управува давателот на услугата;

9. Корисникот на услугата е должен да се придржува на мерките за штедење на вода во време на рестрикција спрема Планот донесен од Советот на Општина Берово.

**Член 32**

Заради заштита и спречување на оштетување на водоснабдителниот систем се забранува:

- изградба на станбени и други објекти над водоводната мрежа;
- приклучување на водоводната мрежа без одобрение за приклучување;
- поврзување на водоводна мрежа на корисникот на услугата кој користи вода од индивидуални извори со водата од водоводниот приклучок;
- бесправно користење на вода пред водомер;
- приклучување на водоснабдителниот систем на објектите кои немаат одобрение за градење;

- самоволно демонтирање и монтирање водомери и водоводни арматури без согласност на давателот на услугата;
- вршење изградба на објекти од водоснабдителен систем без одобрение за градење;
- бесправно користење на вода без исправно поставен водомер;
- намерно оштетување на јавната водоводна мрежа и јавните украсни чешми;
- корисникот на услугата без одобрение да дозволи приклучување на друг корисник од неговиот приклучок;
- депонирање на каков било матерјал над и покрај водомерната шахта, во пречник од најмалку 3 метри со кој би се оневозможила нејзина употреба и користење.

**2. Обработка и испорака на технолошка вода**

**Член 33**

Под обработка и испорака на технолошка вода се подразбира зафаќање обработка и дистрибуција на технолошка вода до мерниот инструмент на корисникот.

Одредбите од глава II на оваа Одлука што се однесуваат за снабдувањето со вода за пиење ќе се применуваат и во однос на обработката и испораката на технолошката вода.

**3. Одведување и прочистување на отпадни води**

**Член 34**

Под одведување и прочистување на отпадни води се подразбира прифаќање на отпадни води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиентот, како и чистење на септичките јами.

Одведување на урбани отпадни води е собирање на отпадните води од стамбените, деловните, производните, административните и на нив слични простории во агломератот, од приклучокот на дворната мрежа, одведување со улична канализациона мрежа пречистување во пречистителните станици и испуштање на отпадните води во реципиентот.

Реципиент е секоја проточна и стоечка вода на површината на земјата во која се испуштаат урбаните отпадни и атмосверски води.

Урбани отпадни води се отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни води и атмосверски води, односно мешавина од отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни води и атмосверски води.

Урбани води од домаќинствата се отпадни води од стамбени населби и од сервисните капацитети, кои што главно потекнуваат од човечкиот метаболизам и од активностите во домаќинствата.

Индустриска отпадна вода е секоја отпадна вода што се исфрла од просториите кои се користат за извршување на индустриска или трговска дејност.

Канализационен систем е збир на хидротехнички објекти и тоа: колектори, магистрални канали, улична канализациона мрежа, атмосверска канализациона мрежа, црпни станици, сифони и постројки за пречистување на урбаните отпадни води.

Канализационен приклучок е спој на канализационата мрежа на корисникот на услугата со уличната канализациона мрежа.

Хидротехнички услови е акт на давателот на услугата издаден врз основа на претходно добиени услови за градба во кои се дефинира постоечката, односно предвидената улична канализациона мрежа.

Ревизиони шахти се објекти кои се поставуваат на одредени растојанија на уличната канализациона мрежа и служат за контрола и одржување на истата.

Приклучни (контролни) шахти се објекти кои се наоѓаат на канализациониот приклучок меѓу уличната канализациона мрежа и објектот на корисникот на услугата и служат за одржување на канализациониот приклучок на корисникот на услугата.

**Член 35**

Давателот на услугата е Јавното претпријатие основано од општината кое ги исполнува условите на вршење на дејноста, одведување и пречистување на отпадни води ЈПКР „Услуга“ Берово.

Корисникот на услугата е правно или физичко лице сопственик на стамбен, деловен производствен, административен и на нив сличен објект, вклучувајки го и куќниот совет, приклучен на канализационата мрежа.

**Член 36**

Давателот на услугата врши:
- одведување на урбани отпадни води во рецепиентот со нивно собирање од корисниците на услугата преку канализационата мрежа, пречистување и испуштање во рецепиентот;
- управување и одржување на канализациониот систем;
- ја определува целта на користење на услугата, по претходна согласност на општината;
- ја утврдува висината на надоместокот за приклучување на корисникот на услугата во канализациониот систем по претходна согласност на Советот на Општина Берово;
- се грижи за исправно функционирање на целокупната канализациона мрежа за која цел формира посебна единица за одржување;
- редовно врши пречистување на канализационата мрежа;
- врши поправка на оштетените делови од објектите на канализационата мрежа;
- дава стручни упатства за изведување на дел од канализацијата што ја вршат граѓаните;
- обезбедува дежурна служба за отстранување на дефектите и недостатоците за потребите на канализационата мрежа;
- дава одобрение за приклучок и го извршува самиот приклучок;
- пропишува технички услови за изведување на приклучок и на објектите за приклучок;
- врши и други работи сврзани со управувањето и одржувањето на канализационата мрежа.

**Член 37**

Давателот на услугата е должен на корисниците на услугите да им обезбеди трајно и непрекинато одведување на урбаните отпадни води преку изградениот канализационен систем.

Давателот на услугата е должен изградбата, реконструкцијата или доградбата на канализациониот систем или на дел од него да го врши на начин и услови определени со закон и Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Берово.

На барање на корисникот на услугата (инвеститорот) пред добивање на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект давателот на услугата е должен да издаде потврда за постоење или непостоење на канализациона мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на канализационата мрежа.

Давателот на услугата е должен да го одржува канализациониот систем, заради воспоставување на подземен катастар.

Давателот на услугата е должен да го одржува канализациониот систем од денот на добивањето на решението за употреба.

Давателот на услугата е должен претходно да прибави одобрение за раскопување од органот надлежен за издавање на одобрение за градба во случаите кога отстранувањето на дефектот на канализациониот систем бара раскопување на улица, коловоз, јавна површина или зелена површина.

Доколку дефектот на канализациониот систем бара итно отстранување поради опасност од настанување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услугата го врши веднаш без да прибави одобрение за раскопување, но за превземените мерки е должен писмено да го известува органот надлежен за издавање на одобрение за градење.

По завршување на работите околу отсранувањето на дефектот на канализациониот систем давателот на услугата е должен улицата, коловозот, јавната и зелената површина да ги доведе во првобитна состојба.

Давателот на услугата е должен да ја надомести евентуалната штета на сопственикот или корисникот на земјиштето настаната со изведување на работи во врска со вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконсрукција на објектите од канализациониот систем.

**Член 38**

Корисникот на услугата (инвеститорот) пред добивање на одобрение за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект е должен да прибави потврда од давателот на услугата за постоење и непостоење на канализациона мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на канализационата мрежа.

Корисникот на услугата е должен да ја одржува канализационата мрежа на корисникот на услугата на сопствена сметка.

Корисниците на услугата се должни веднаш да го известат давателот на услугата за оштетувањето или дефект што ќе настане на канализационата мрежа на корисникот на услугата.

Корисниците на услугата кои вршат индустриска или трговска дејност се должни да извршат потребно прочистување на начин утврден со закон пред да ги испуштат индустиските отпадни води во канализациониот систем.

Сопственикот или корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите на канализациониот систем.

Секој сопственик на изграден или делумно изграден објект е должен да ја спои својата куќна канализација со уличната канализација истовремено кога уличната канализација ќе биде изградена пред неговиот објект.

**Член 39**

Давателот на услугата има право да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води во следните случаи:

1. Кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот;
2. Ако продолжувањето на одведувањето на урбаните отпадни води би преставувало опасност за трети лица или за животната средина и природа;
3. Ако физичко или правно лице бесправно е поврзано на канализациониот приклучок;
4. Ако корисникот на услугата на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;
5. Ако корисникот врши одведување на води со примена на киселина, алкохолни и други соли, води кои содржат бензин, нафта, разни масла и други хемикалии кои разорно делуваат на каналските цеви и топли води со температура над 40 степени целзиусови;
6. Ако корисникот врши одведување на води и предмети што развиваат токсични експлозивни гасови;
7. Ако корисникот врши одведување на води и предмети-причинители на заразни и паразитни заболувања и радиоактивно зрачење;
8. Ако корисникот врши одведување на отпадни води со предмети и примеси што можат да ја оштетат канализационата мрежа или да го попречат правилното функционирање на мрежата;
9. Ако корисникот со одведување на отпадна вода врши одведување на ѓубре, пепел, коски, гипс, цемент, песок, крпи и други отпадни материи, што можат да ја оштетат или зачепат канализационата мрежа и отворените водотеци и го попречат нивното нормално функционирање;
10. Ако е донесено решение од надлежен инспекциски орган и
11. Ако настане поголемо оштетување на канализационата мрежа во имотот на корисникот, а со цел да се отстрани оштетувањето и сопре поголемо оштетување.

Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување од претходниот став паѓа на товар на корисникот на услугата.

**Член 40**

Заради заштита и спречување на оштетување на канализациониот систем се забранува:

- изградба на стамбени и други објекти над канализационата мрежа;

- приклучување на канализационата мрежа без одобрение за приклучување;
- испуштање на цврсти материи: песок, земја, цемент, вар, камења, дрва, пепел, трска, метал, стакло, пластични материи, катран, комини, отпадоци од животни и други слични материи со поголем вискозитет во канализациониот систем;
- испуштање на урбани отпадни води, чија концентрација на сулфатниот јон е поголема од 400 мг/л, како и урбани отпадни води од септички јами и отпад во канализациониот систем;
- испуштање на отпадни материи и води кои ги оштетуваат ѕидовите на канализациониот систем;
- испуштање на нафта и нафтени деривати како и цврсти и течни запаливи и експлозивни матерјали во канализациониот систем;
- приклучување на канализациониот систем на објектите кои немаат одобрение за градење;
- испуштање на отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води во ситемот на атмосверската канализација, односно испуштање на атмосверски води во канализациониот систем за отпадни води од домакинства и индустриски отпадни води;
- испуштање на индустриски отпадни води во канализациониот систем без претходно извршено потребно пречистување;
- на било каков начин оштетување на канализационата мрежа;
- испуштање на предмети што развиваат токсични експлозивни гасови;
- испуштање на предмети и материи кои се причинители на заразни и паразитни заболувања и радиоактивно зрачење.

**4. Одведување и испуштање на атмосферски води**

**Член 41**

Под одведување и испуштање на атмосверски води се подразбира прифаќање на атмосверските води од урбаните површини, одведување со канализационата атмосверска мрежа и испуштање во реципиентот.

Атмосверските води се сите површински води предизвикани од атмосверските врнежи кои преку сливниците се слеваат во атмосверската канализација.

Атмосверската канализација (мрежа) е збир на хидротехнички објекти кои служат за прифаќање, одведување и испуштање во реципиент на атмосверската вода од урбаните површини.

**Член 42**

Дејноста за вршење на одведувањето и испуштањето на атмосверските води општината може да го довери на јавното претпријатие за комунални дејности основано од општината или на друго правно или физичко лице кое ги исполнува условите за трајно и квалитетно вршење на оваа комунална дејност (во натамошниот текст: давател на услугите).

**Член 43**

Давателот на услугата врши:
- прифаќање, одведување и испуштање на атмосверските води од урбаните површини преку атмосверскиот канализационен систем до реципиентот;
- управување и одржување на атмосверската канализациона мрежа.

**Член 44**

Давателот на услугата е должен:
- трајно и непрекинато да обезбеди одведување на атмосверските води од урбаните површини преку изградената канализациона мрежа;
- да се грижи за исправноста и функционирањето на целокупната атмосверска канализациона мрежа а посебно да врши редовно прочистување и да врши поправка на оштетените придружни објекти на атмосверската канализацина мрежа;
- да врши редовно чистење на коритата на отворените канали и водотеци во градежниот опфат на градот и населените места;
- во случај на поголеми врнежи од дожд и нагло топење на снегот да обезбеди дежурна служба за интервенција и итно санирање и отстранување на настанатите штети со цел да се обезбеди нормалното фукционирање на атмосверската канализациона мрежа;

- да врши редовна поправка на оштетените делови од атмосверската канализациона мрежа;
- да обезбеди целосна документација на канализациониот систем за прифаќање на атмосверските води, заради воспоставување на подземен катастар.

**Член 45**

Заради заштита и спречување на оштетување на атмосверската канализациона мрежа се забранува:
- испуштање на отпадни води од домаќинствата и индустриски отпадни води во системот на атмосверската канализација;
- испуштање на отпадни води од септичките јами и друг отпад во системот на атмосверската канализација;
- испуштање на нафта и нафтени деривати, разни масла и слично како и цврсти и течни запаливи материи и експлозивни материи во системот на атмосверската канализациона мрежа;
- приклучување на фекалната канализација во атмосверската канализација;
- фрлање на било какви предмети и отпадоци во отворените канали и водотеци;
- оштетување на цевите на атмосверската канализациона мрежа и нејзините придружни објекти.

**5. Јавен градски и приградски превоз**

**Член 46**

Под јавен градски и приградски превоз се подразбира општински превоз на патници што како јавен превоз се врши на подрачјето на Општина Берово.

Општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Берово можат да вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на таков вид превоз што ја издава Градоначалникот на Општина Берово.

Превозникот кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз, откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред на определена линија кај Градоначалникот на Општина Берово.

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Берово го уредува Советот на општина Берово со посебна одлука.

**6. Обработка и депонирање на комунален цврст отпад**

**Член 47**

Под обработка и депонирање на комунален цврст отпад се подразбира селектирање, собирање, транспортирање и обработка на комунален цврст отпад од населението и индустријата, негова рециклажа и преработка, депонирање на уредени депонии, како и одржување на депониите.

Комунален цврст отпад е отпадот што се создава во секојдневниот живот и работа во стамбени, дворни, деловни и други простории и површини и тоа: куќни отпадоци од разни видови, отпадоци од храна, градинарски, овошни и други земјоделски култури, хартија, картонска амбалажа, крпи, разни дрвени, метални, стаклени, порцелански, кожни, пластични и гумени предмети и на нив слични нештетни отпадоци.

Комуналниот отпад е неопасниот отпад што се создава од физичките лица во домаќинствата и комерцијалниот отпад.

Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од физички и правни лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни административни и слични дејности, кои според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

Преработка на отпадот се операциите утврдени со Законот за управување со отпадот, кои имаат за цел да се искористат употребливите материи и состојки на отпадот, за рециклирање и за користење на отпадот како извор на енергија, исклучувајќи го горењето на отпадот заради негово дефинитивно одстранување.

Отстранување на отпадот се операциите што обезбедуваат конечно решение за отпадот што не може повторно да биде употребен или преработен, а при тоа не се загрозува животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Рециклирање на отпадот е добивање супстанции од отпадот (секундарни суровини) и нивно користење како замена за примарните суровини или користење на својствата на супстанциите содржани во отпадот за нивната првична намена или за други намени, вклучувајќи го директното користење на енергијата на отпадот.

Собирање на отпад е збир од организирани дејности кои што опфаќаат постапки со кои отпадот се подготвува за транспорт.

Складирањето на отпадот е организирана дејност за складирање на создадениот отпад во објекти кои што ги исполнуваат пропишаните услови за таа намена за период пократок од три години, доколку складираниот отпад е наменет за третман и за преработка, или за период пократок од едан година доколку отпадот е наменет за отстранување.

**Член 48**

Создавачите односно поседувачите на отпадот се должни да го селектираат отпадот на следните категории:

1. Амбалажен отпад (хартија, пластика, стакло, дрво и слично):
2. Отпад од дворни места (цвеќе, трева, гранки, листови од дрвја, пилевина, гранки и слично);
3. Отпадот настанат од делови на расипани апарати за домаќнствата (кухински прибори, санитарни уреди и слично) и
4. Останатиот отпад од домаќинствата.

**Член 49**

Амбалажниот отпад се остава на посебните места за собирање односно во контејнери за амбалажен отпад кои се поставуваат на јавните површини на местата определени од Градоначалникот на Општината.

Останатиот отпад од домаќинствата се става во вреќи или во посебни садови за тој отпад и се остава на местото за собирање и селектирање на комунален отпад определен од Градоначалникот на Општината.

Правните и физичките лица се должни да го одделат опасниот дел содржан во комуналниот отпад и да го остават на местата за собирање на опасниот дел од комуналниот отпад определени од Градоначалникот на Општината.

**Член 50**

На подрачјето на градот Берово комуналниот отпад се собира и транспортира организирано.

Сопствениците на зградите, становите и деловните простории, заемопримателите, закупците и другите корисници на стамбените и деловните простории (во натамошниот текст: создавачи и поседувачи на отпадот) имаат обврска задолжително да ги користат услугите за одведување, транспортирање и собирање на комуналниот отпад на начин и услови утврдени со оваа Одлука и другите прописи кои ги уредуваат овие односи.

**Член 51**

Отпадот од дворните места се собира во посебни вреќи за отпад и се оставаат пред влезовите на стамбените односно деловните објекти или до контејнерите за собирање на отпадот од домаќинствата.

Отпадот настанат од делови на расипани апарати од домаќинствата, кухински прибор, санитарни уреди и слично се собира во соодветна картонска амбалажа, односно вреќа за отпад и се оставаат во посебни садови за собирање на истиот отпад кои се поставуваат на јавните површини на места определени од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

Останатиот отпад од домаќинствата се собира во вреќи или во садови за тој отпад на места определени од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

**Член 52**

Отпадот од домаќинствата треба да се собира само во неоштетени вреќи што се изработени од цврст, непропуштлив и непрозирен матерјал.

Вреќите мораат да бидат цврсто заврзани како не би дошло до испаѓање на отпадот и ширење на непријатен мирис.

Во вреќите не смее да се става жар, врел пепел, течности, мртви животни и слично.

Вреќите за собирање на отпадот од домаќинствата ги набавуваат на свој трошок создавачите на отпадот.

**Член 53**

Давателот на услугата ЈПКР„Услуга“Берово е должно трајно да обезбеди, собирање, транспортирање, обработка и депонирање на комунален цврст отпад од корисниците на услугите и да ја одржува депонијата според стандардите утврдени со Закон.

Собирање, транспортирање и депонирање на отпадот од корисниците се врши по потреба, а најмалку два пати неделно.

Давателот на услугата е должен при подигање на отпадот од корисниците растуреното ѓубре да го собира, а при транспортот за го спречи растурањето на истото.

**Член 54**

Отпадот од домаќинствата може да се собира и во посебни садови за отпад (корпи за отпадоци, контејнери).

Во садовите за собирање на отпадот од домаќинствата не смее да се фрла жар, врел пепел, течности, мртви животни и слично.

**Член 55**

Зградите од кои отпадот од домаќинствата се става во садови за отпад мораат да имаат одреден простор или место за сместување на садот за отпад и доволен број на садови за отпад-контејнери.

Бројот и видот на садовите за отпад за секоја пооделна зграда го одредува јавното претпријатие за комунални дејности или правно и физичко лице кое е овластено за собирање и транспортирање на отпад во соработка со Одделението за комунални работи и заштита на животната средина.

**Член 56**

Садовите за отпад од домаќинствата ги набавува правното и физичкото лице кое е овластено за собирање на отпад на сопствен трошок.

По исклучок, за новоизградените објекти и новоотворените деловни простории садовите за отпадот од домаќинствата ги набавува инвеститорот.

Собирачот на отпадот е должен да ги пере, дезинфицира и дезинсекцира садовите за отпад најмалку два пати годишно и да ги одржува во изправна состојба.

Местата околу садовите за отпад мора да бидат во чиста и уредна состојба за кои се должни да се грижат собирачите на отпадот - давателот на услугата.

**Член 57**

Создавачите на отпад должни се отпадот да го ставаат во садовите за отпад така да не се распаѓа и да не го валка просторот околу садот. Садовите и контејнерите за отпад мора да бидат затворени.

Забрането е изнесување и вадење на отпад од садовите и контејнерите.

При стварњето на отпад од домаќинствата создавачот на отпадот е должен да ги уситни на помали делови картонските кутии, морската пена и слично.

Забрането е да се оневозможува пристап на возилото за отпад до местото на кое се наоѓаат садовите за отпад.

**Член 58**

Отпадот од домаќинствата организирано се одвезува најмалку 2 пати неделно во градот.

Собирање, транспортирање и депонирање на отпадот од корисниците во населените места најмалку еднаш неделно по утврден распоред на давателот на услугата.

**Член 59**

Собирачот на отпадот е должен при собирањето и одведувањето на отпадот да внимава отпадот да не се растура и вреќите да не се оштетуваат и отвараат, да не се крева прав, да не се оштетуваат садовите, како и да не се валкаат и оштетуваат просториите и површините за сместување на отпадот.

Ако при утовар и истовар во возилото дојде до растурање на отпадот, собирачот на отпадот е должен истиот веднаш да го исчистат, а садовите да ги вратат на местото определено за нив и да ги затворат капаците на садовите и контејнерите.

**Член 60**

Депонијата е објект наменет за отстранување на отпадот, со негово истурање над и под земја.

Депонирање е операција за однесување на отпадот на депониите.

Јавното претрпријатие за комунални работи основано од страна на Советот на Општина Берово, управува и се грижи за уредување и одржување на депонијата за комунален цврст отпад, а особено е должен:

- да го огради просторот на депонијата и да обезбеди контролирано влегување и излегување на возилата при депонирањето на отпадот;
- да обезбеди уреди и објекти за лична хигиена на работниците и миење и дезинфекција на возилата;
- да го спречи ширењето на мирисбата и нечистотијата;
- површините што се покриени со отпад да ги покрие со земја во слој најмалку од 30-50 сантиметри и истите ги озелени;
- да не дозволи палење на оган и горење на отпадот во депонијата;
- да превземе санитарно-хигиенски и ветеринарни мерки за спречување на размножувањето на инсекти и стаорци.

**Член 61**

Се забранува:

1. Фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од контејнерите, кантите за отпад или специјалните вреќи за отпад;
2. Фрлање и складирање во контејнерите и кантите за отпад на отпадоци кои не се сметаат за комунален цврст отпад;
3.Фрлање во контејнерите жар и други запалени матерјали, вода, киселина,моторни и разни други масла и други штетни и опасни материи;
4. Поставување и преместување на контејнерите и кантите за отпадоци надвор од за тоа определени локации;
5. Преработување на отпад во корпите, кантите и контејнерите од страна на физички лица;
6. Палење на отпадот во кантите и контејнерите;
7. Собирање и транспортирање на отпадот да се врши со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;
8. Вршање на собирање и транспортирање на комунален отпад без поседување на дозвола;
9. Постапување со отпадот на начин кој доведува до загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето:
10. Постапување со отпадот на начин кој доведува до загрозување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници;
11. Постапување со отпадот на начин кој создава бучава и непријатна миризба;
12. Постапување со отпадот на начин кој доведува до уништување на природните услови за живот на животните и растенијата;
13. Постапување со отпадот на начин кој доведува до уништување на заштитените природни области и на заштитеното култутно наследство;

14. Постапување со отпадот на начин кој доведува до нагрдување и неуредување на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјето надвор од урбаните зони;
15.Истурање и фрлање на отпад во канализационите и во другите инфраструктурни системи и објекти;
16. Вршење на собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на истата дејност;
17. Преработување на отпад без поседување на дозвола за вршење на дејноста преработка, третман или складирање на отпадот;
18. Прифаќање на отпад што не соодветствува со класата на депонијата;
19. Вршење на горење на отпад и согорување на отпад без дозвола.

**7. Депонирање на индустриски отпад и штетни материи**

**Член 62**

Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

**Член 63**

Создавачот и/или поседувачот на индустриски неопасен отпад е должен да го преработи отпадот што настанува со вршење на дејноста, на начин утврден со Законот за управување со отпадот.

Правните и физичките лица кои постапуваат со индустрискиот неопасен отпад се должни да достават примерок од идентификациониот формулар до Градоначалникот на Општината.

**Член 64**

Создавачите на индустрискиот и комерцијалниот отпад должни се да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпадот со давателот на услугата на територијата на Општина Берово.

Со индустрискиот неопасен отпад се постапува во согласност со одредбите на Законот за управување со отпад.

**Член 65**

Штетни материи во смисол на оваа одлука се хемиски супстанции што ги менуваат природните хемиски, физички, биолошки, бактериолошки состави и својства како и радиолошките особини на земјиштето, водата и воздухот.

Созадавачите на индустриски отпад што содржи штетни материи се должни да ги превземаат соодветните мерки согласно одредбите на Законот за управување со отпад, Законот за заштита на животната средина и другите прописи кои ја регулираат оваа проблематика.

Индустрискиот течен отпад што не содржи штетни материи се испушта задолжително во канализациониот систем за отпадни води, а доколку таков не постои, во септичка јама, изградена и заштитена според хигиено-санитарните прописи и норми.

**Член 66**

Индустрискиот отпад се депонира во посебна депонија за инертен отпад.

**Член 67**

Отпадот што содржи употребливи материи треба да се преработи, доколку е возможно негово натамошно искористување и натамошно искористување на неговите состојки ако постојат соодветни технички и технолошки услови.

Преработката на отпадот мора да се врши без примена на процеси или методи кои ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето.

**Член 68**

Отпадот се преработува со примена на една или повеќе од следните операции:

1. Користење како гориво за примарна намена или како некое друго средство за производство на енергија;
2. Регенерација/подобрување на својството на растворувачите;
3. Рециклирање/подобрување на својствата на органските материи кои што не се кристат како растворувачи (вклучувајки ги тука и компостирањето и другите процеси на биолошка трансформација;
4.Рециклирање/подобрување на својствата на металите и на металните соединенија;
5. Рециклирање/подобрување на својствата на други неоргански матерјали;
6. Регенерација на киселините или на базите;
7. Преработка на состојките што се користат за намалување на загадувањето;
8. Преработка на состојките од катализаторите;
9. Прерафинирање на користена нафта или други форми на повторно користење на нафтата;
10. Третирање на земјиштето во полза на земјодејството и на животната средина;
11. Користење на отпадот добиен со некоја од операциите наведени во точките од 1 до10 на овој став;
12. Размена на отпадот поради продолжување на некои од операциите наведени во точките од 1 до11 на овој став и
13. Складирањето на отпадот кој што трба да биде подложен на некоја од операциите наведено во точките од 1 од 12 на овој став (со исклучок на времeното складирање, пред собирање, на местото каде што е создаден отпадот).

**Член 69**

Забранeто е:
- предавање на индустрискиот отпад на правно или физичко лице кое не поседува дозвола за собирање и транспортирање на отпад согласно Законот;
- чување на индустрискиот отпад што содржи штетни материи во претоварни станици подолго од пропишаниот рок согласно Законот за управување со отпадот;
- истурање или фрлање на индустрискиот отпад кој содржи штетни материи во водите, почвата, во садови кои не се предвидени за собирање на таков вид отпад во канализациите и другите инфраструктурни системи и објекти;
- доставување на неточни податоци во идентификациониот формулар од страна на создавачот, односно поседувачот на индустрискиот отпад;
- собирањето и транспортирањето на индустрискиот отпад да се врши со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;
- собирање и транспортирање на индустрискиот отпад што содржи штетни материи без дозвола согласно Законот за управивање со отпадот;
- вршење на преработка на индустрискиот отпад спротивно на одредбите од Законот за управивање со отпадот;
- преземање на отпад за преработка кој не одговара на податоците наведени во идентификациониот формулар и
- прифаќање на отпад што не соодветствува со класата на депонијата.

**8. Депонирање на отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи**

**Член 70**

Под депонирање на отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи утврдени со Закон кои немаат својство на комунален цврст и технолошки отпад се подразбира собирање, транспортирање, обработка и депонирање на овие отпадоци на уредени депонии, како и одржување на депониите.

**Член 71**

Отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи се: градежен матерјал, земја, шут, згура, вар, цемент, чакал, песок, кал, камења, тули, ќерамички отпадоци и слично

Отпадоците од став 1 на овој член не смеат да се оставаат и собираат на јавните површини.

Создавачите на отпадоци од став 1 на овој член се должни да го отстрануваат односно транспортираат истиот на посебно уредените депонии.

**Член 72**

Со отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи се постапува во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот што се однесуваат на инертниот отпад.

Правните и физичките лица кои постапуваат со отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи се должни да обезбедат доказ дека истиот отпад нема да се растура, согорува или на друг начин физички или хемиски да реагира, да се биоразградува или на друг начин да влијае на друга материја со која што стапува во допир со што би предизвикало загрозување на животната средина и здравјето на луѓето.

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадоци кои немаат својство на комунален отпад, се должни сами да го собираат и да го транспортираат отпадот на места определени од општината или истите да ги предадат на овластени правни и физички лица кои собираат и транспортираат отпад.

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадоци кои немаат својство на комунален отпад должни се да поседуваат доказ дека отпадоците што се создаваат со изведувањето на градежните работи го предале на начин утвреден во став 3 на овој член.

**Член 73**

Советот на Општина Берово на предлог на градоначалникот на општината ги определува местата за третман и отстранување на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи, со согласност на општинскиот план за управување со отпад и со согласност со просторниот и урбанистичките планови.

Посебно уредените депонии, односно определените места од став 1 на овој член ги одржува и со нив управува Јавното претпријатие за комунални работи основано за Општината или правно или физичко лице кое од старана на Општината е овластено за вршење на истата дејност.

**Член 74**

Забрането е:

- отпадоците што се создаваат со изведување на градежните работи да се изнесуваат од своите дворни места до денот на преземање од страна на правните или физичките лица кои се овластени за собирање и транспортирање на отпадот.
- транспортирање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи со несоодветни транспортни возила што би предизвикале истурање на истиот на самите сообраќајни површини.
- оставање, односно истурање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежните работи на јавните површини до контејнери и корпи за отпадоци и сл.
- депонирање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи вон местата определени од страна на Советот на Општина Берово.

**9. Одржување на јавна чистота во градски и други населби**

**Член 75**

Одржување на јаваната чистота е чистење (миење и метење) и одржување на јавни и сообраќајни површини и чистење на снегот во зимски услови.

Под јавни и сообраќајни површини во урбаните средини на подрачјето на Општина Берово се подразбираат:

- улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта на кои се не наплаќа надомест, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај;
- детски игралишта, отворени игралишта за мали спортови и јавни санитарни објекти;

- бензиски и такси станици, автобуски станици, стојалишта и свртувалишта во градскиот, предградскиот и општинскиот превоз на патници, јавни телефонски говорници, отворени простори на јавни објекти, паркиралишта на кои се наплаќа надомест, паркови, парк-шуми, улични тревници, пазари, магацини и складишта на отворен простор, спортско-рекреативни терени (стадиони, тениски игралишта, стрелишта и слично) отворени простори на хотелските, туристичките и спортско-рекреативните објекти,патишта, проточни и суви канали, речни брегови и корита во урбаните средини.

**Член 76**

Одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајните површини од член 75 став 2 алинеа 1 и 2 од оваа Одлука го врши јавното претпријатие за комунални работи основано од општината или правно и физичко лице согласно со законот.

Одржувањето на јавната чистота на јавните и сообраќајните површини од член 75 став 2 алинеа 3 од оваа Одлука го вршат сопствениците, односно корисниците на кои им е доверено управувањето.

Сопствениците, односно корисниците на становите и станбените објекти, на објекти на правни и физички лица за вршење на дејност, земјиштето што им припаѓа за употреба на тие објекти, како и сопствеците, односно корисниците на неизградено градежно земјиште во урбаните средини, се должни да ја одржуваат чистотата во тие објекти.

**Член 77**

Јавните површини се користат во склад со нивната намена.

Јавните површини треба да се одржуваат така да бидат уредени и чисти за да служат за целта за кои се наменети.

**Член 78**

Јавното претпријатие или правното и физичко лице (давателот на услугата) од член 76 став 1 особено се должни во одржувањето на јавната чистота на јавните и сообраќајните површини да вршат:

- чистење и миење на јавните и сообраќајните површини во централното јавно подрачје, утврдено со генералниот урбанистички план, во периодот од почетокот на месец мај до завршетокот на месец август (летен период) и тоа во ноќните часови од 24,00 часот до 05,00 часот. Во периодот од месец септември во тековната година до крајот на месец април во наредната година (зимски период), во зависност од временските услови, чистењето и миењето на јавните и сообраќајните површини во централното градско подрачје да се врши во времето од 04,00 до 06,00 часот или од 20,00 до 23,00 часот.
- чистењето на останатите јавни и сообраќајни површини во градот може да се врши преку ден, но не во период на одење и враќање на работа и од работа, од училиште и слично (периодот од 06,00 до 08,00 часот и од 12,00 до 17,00 часот);
- миењето на сите останати јавни и сообраќајни површини да се врши исклучиво ноќе помеѓу 22,00 до 05,00 часот;
- во строгиот центар во градот (плоштадите и улиците што се надоврзуваат на нив) собирањето на отпадоците да се врши континуирано во текот на денот.

**Член 79**

Одржувањето на чистотата на јавните и сообраќајните површини од членот 75 став 2 алинеа 1 на оваа Одлука се врши според годишната Програма што ја изготвува давателот на услугата, а ја донесува Советот на Општина Берово најдоцна до 31 декември за наредната година.

**Член 80**

Во определени случаи, поради зголемено загадување на јавните и сообраќајните површини поради временски непогоди, реконструкции и слично, Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово може да определи чистење на јавните и сообраќајните површини и надвор од донесената Програма од член 75 на оваа Одлука.

**Член 81**

За истовар, оставање или утовар на градежен материјал, подигање на скеле и поправка на фасади на станбените и деловните објекти како и слични градежни работи може привремено да се користат јавните и сообраќајните површини или неизграденото градежно земјиште само со одобрение издадено од страна на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово.

Во одобрението од предходниот став треба да се утврдат условите и начинот на истовар, утовар или оставање на градежниот матерјал, мерките на сигурност, времето на истовар, утовар или оставањето на градежниот матерјал и надоместокот за користење на јавната или сообраќајната површина.

При извршувањето на работата од став 1 на овој член пред нивното започнување мора да се осигура проодноста на тротоарите и улиците, јавните и сообраќајните површини кои се зафаќаат мора да се оградат со ограда која треба да се одржува, прописно мора да се означи и осветли и матерјалот што ќе се постави мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

**Член 82**

Изведувачот на градежни работи мора да обезбеди земјата да не се растура по јавната површина при ископот на темели и слично.

Мешањето на бетон, малтер и друг матерјал мора да се врши во соодветни садови или лимови.

Тротоарите и улиците на кои се поставени скели може да се исклучат од сообраќај само за време додека објектот што се гради не биде во висина на приземјето.

Преминот под скелето мора да е заштитен од паѓање на матерјал со кој се гради со заштитен кров во висина од 3 метри над тротоарот, а скелето да се направи така да под него пешаците да можат да поминуваат.

Тротоарите и другите пешачки премини пред градилиштето треба да бидат обезбедени од страна на градителот со водорамни и вертикални заштитници.

По завршувањето на градежните работи или ако градежните работи од било кои причини бидат запрени на подолго време, изведувачот на градежните работи должен е да ги отрстани скелите и другиот градежен матерјал од јавните површини и истите да ги доведе во правобитна состојба.

Ако јавната површина служи за истовар и утовар на растресит градежен матерјал како песок, чакал и слично, на јавната површина може да се стави толку матерјал колку што ќе може да се користи или отстарни за еден ден.

**Член 83**

Покрај дрворедите не смее да се остава песок, чакал или друг градежен матерјал.

**Член 84**

Изведувачот на градежните работи најкасно 24 часа по завршувањето на работите мора да го отстрани целиот градежен матерјал и опремата и да го извести Секторот за урбанизам и комунални работи и заштита на животната средина на општина Берово, дека одобрената јавна површина веќе не му е потребна за користење.

**Член 85**

Во текот на извршувањето на градежните работи изведувачот е должен :

- да ја исчисти јавната површина околу градилиштето од секаков вид градежен и друг матерјал, кал и слично, кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршењето на неговата дејност;
- при рушење на грдежни објекти изведувачот на градежните работи е должен матријалот што се руши да го полива со вода заради спречување на ширење на прашината;
- сливниците за атмосверските води во близина на местото каде што се вршат градежните работи редовно да ги чисти;

- да го транспортира градежниот материјал до и од градилиштето на начин што нема да го спречува сообраќајот и слободно истекување на атмосверските води и да го спречи растурањето на материјалот по јавните површини.

**Член 86**

На јавните и сообраќајни површини не е дозволено, односно забрането е:
- фрлање и оставање на хартија, отпушоци, амбалажа, земја, песок, шут, отпадоци од градежен материјал и градежен матерјал и други отпадоци освен на местата определени за таа намена;
- запалување, уништување и закопување на комунален цврст и технолошки отпад ;
- излевање и пуштање на отпадни води и други течности;
- уништување на огради, клупи, натписи, садови и корпи за отпадоци и слично;
- миење на автомобили и други превозни средства како и разни други машини;
- сечење, цепење и кршење на дрва и јаглен;
- паркирање на возила надвор од определените места за таа цел, утовар и истовар на возилата, особено на местата каде што се наоѓаат улични хидранти, шахти и сливници;
- колење на ситен и крупен добиток, живина и други животни;
- фрлање на пцовисани животни;
- перење на теписи, килими, постелнина други матерјали на балконите и терасите на индивидуалните и колективните стамбени објекти, деловни објекти и простории и објектите за јавна намена кои се лоцирани кон улицата;
- варење на ракија, приготвување на зимница и слично;
- поправање или сервисирање на возила (замена на масло или механички поправки) и вршење на други занаетчиски работи;
- мешање на бетон, малтер и други слични материјали, освен во посебни случаи за кои треба да се има одобрение од надлежен орган на општината;
- исфрлање на отпад и други отпадоци од моторни возила;
- оставање на нерегистрирани хаварисани возила, приколки и камп-приколки;
- растурање на отпадоци од врќи, контејнери и корпи;
- поставување на контејнери за отпадоци, канти и слично надвор од определеното место за таа цел;
- фрлање на летоци и друг пропаганден матерјал без одобрение на надлежен орган на општината;
- цртање и пишување на разни цртежи, графити и текстови без одобрение од надлежен орган на општината;
- вршење на физиолошки потреби надвор од објектите за таа намена;
- пишување на графити на фасадите од објектите, оградите и урбаната опрема;
- истегнување на градежно железо;
- депонирање и оставање на шталско ѓубре;
- палење огнови на тротоари, улуци, плоштади, по кејот на река Брегалница и други јавни места освен, за верскиот празник Прочка-Поклади се дозволува палење на огнови од смрека без употреба на гуми на локации одредени од Општина Берово.

**10. Одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини, градски стадион, коритото на река Брегалница во урбанизираните делови**

**Член 87**

Под одржување и користење на паркови, заленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини се подразбира, подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично на подрачјето на Општина Берово.

**Член 88**

Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини согласно усвоените урбанистички планови кои им служат на граѓаните за одржување и рекреација.

Одржувањето и користењето на парковите е дејност што ја врши јавното претпријатие за комунални работи основано од Општина Берово.

Одржувањето, уредувањето и користењето на парковите се врши врз основа на годишната, Програма донесена од страна на Советот на Општина Берово, а по предлог на јавното претпријатие за комунални работи на кое му е доверено управувањето со парковите.

Јавното претпријатие е должно да ги одржува и уредува парковите согласно годишната програма донесена од страна на Советот на Општина Берово, а особено:

- да обезбеди чуварска служба;
- хортикултурно да ги уреди површините во просторот на парковите;
- редовно да ја одржува јавната чистота во парковите;
- редовно да ги одржува патеките и просторот наменет за шеталишта;
- да ги одржува во исправна состојба клупите за седење;
- редовно засадување, обработување и наводнување на зелените површини;
- да постави корпи за отпадоци и друга урбана опрема и нивно одржување.

**Член 89**

Под зеленило во смисла на оваа Одлука се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки, дрвја и дрвореди (во натамошниот текст: зелени површини).

Зелените површини можат да бидат:

1. Јавни зелени површини и
2. Зелени површини на урбани единици и објекти.

Под јавна зелена површина во смисла на оваа Одлука се подразбираат зелените површини, на кои покрај улиците, плоштадите, културно-историските споменици, јавните паркиралишта, рекреативните површини, детските игралишта, спортските терени, камп просториите, гробиштата и дворните места на јавните објекти на општината.

Под зелени површини на урбаните единици и објекти се подразбираат зелените површини по дворните места на претпријатијата и другите правни лица, образованието, културните, здравствените и други установи околу стамбените комплекси и во дворовите на физички лица кон улиците.

**Член 90**

Одржувањето на зелените површини опфаќа;

- подигање-садење, одгледување, водополевање и обновување на зелените површини;
- заштита на зелените површини од оштетување, болести и штетници;
- чистење на озеленетите површини и
- одржување и чистење на патеките на озеленетите површини.

Одржувањето на јавните зелени површини го врши јавното претпријатие за комунални работи основано од Општината врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на Општина Берово.

Годишната програма од став 2 на овој член особено треба да содржи: планирање, начинот и мерки за одржување на иститe, видовите на зеленило, поставување и видот на урбаната опрема и други работи на одржување, како и трошоците за извршување на овие работи и изворите на средства.

Одржувањето на зелените површини на урбани едници и објекти го вршат сопствениците, односно корисниците на тие објекти на сметка на сопствени трошкови.

**Член 91**

Парк-шума во смисла на оваа Одлука е подрачје со посебно природни карактеристики кое се одликуваа со своевиден панорамски изглед и особено природна убавина настаната на природен начин, односно тоа се делови од просторот, кои со своите географски особености и творбите на човекот се истакнуваат од другата околина и имаат излетничко-рекреативно, историско, естетско, културно или научно значење.

Парк-шумите на подрачјето на Општината ги прогласува со посебана одлука на Советот на Општина Берово.

Одржувањео и управувањето со парк-шумите го врши јавното претпријатие за комунални работи основано од Советот на Општина Берово или други домашни и странски физички и правни лица овластени од Општината согласно со Законот.

Овластениот субјект на кого му е доверено правото да управува со парк-шумата е должно да превзема соодветни мерки (шумски ред) со цел да се обезбеди природно подмладување и заштита на шумите од појава на пожари и ширење на штетни инсекти и растителни болести, од штетното дејство на ветерот, снегот и другите елементарни непогоди и заштита на шумското земјиште за што донесува посебен правилник за кој согласност дава Советот на Општина Берово.

**Член 92**

Водно-рекреативните површини се определени простори на подрачјето на Општината кои се користат од страна на граѓаните за одмор и рекреација во летниот период од годината (отворени базени за капење, крајбрежни делови за акомулационите езера оспособени за капење).

**Член 93**

Овластениот субјект кој ги уредува и одржува базените и езерата е должен постојано во текот на сезоната на капење, да ја контролира хемиската и бактериолошка исправност на водата и за тоа да ја известува јавноста.

**Член 94**

Врз основа на прегледот и документацијата на надлежните органи за техничка и хигиенска исправност на базенот, односно езерото, Секторот за урбанизам комунални работи и заштита на животната средина-Одделение за комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово утврдува дека се исполнети условите за почеток на сезоната за капење, за што донесува решение.

**Член 95**

Под рекреативни површини на подрачјето на Општината се подразбираат определени простори на подрачјето на Општина Берово кои од страна на граѓаните се користат за одмор и рекреација (посебни подрачја од ридско-планинските предели, полските предели, месности околу манастири, историски споменици, крајбрежни терени покрај реките, акомулационите езера, покрај водопадите и слично).

Одржувањето и уредувањето на рекреативните површини Општината може да го довери на јавното претпријатие за комунални работи, здруженија на граѓани, спортско рекреативни и еколошки друштва, излетнички друштва, месни заедници.

**Член 96**

Сечење, кастрење и копање на дрвја, грмушки и живи огради во зелените површини може да се врши заради нивно редовно одржување, ако се суви, нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако пречат на надземните и подземните инсталации, кога се оштетени од елементарни непогоди заради изградба на инвестициони објекти или поради реконструкција на зелените површини.

За сите дејствија и работи од претходниот став потребно е да се има одобрение од Секторот за урбанизам и комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово.

**Член 97**

На зелените површини може да се врши прекопување за поставување на подземни или надземни инсталации, изградба на инвестициони објекти и објекти на граѓаните само со одобрение на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина по претходна прибавена согласност од давателот на услугата.

Одобрението од претходниот став на овој член особено треба да содржи определувањето на рокот во кој треба работите да се завршат како и рокот во кој зелените површини треба да се доведат во првобитна положба.

Трошоците за извршување на сите работи утврдени во ставот 2 на овој член се на товар на инвеститорот, односно изведувачот на работите.

Раскопувањето на јавните зелени површини поради поставувањето на нови, односно изведување на работи на постојните подземни инсталации не може да се врши непосредно по уредувањето на јавните зелени површини, освен во случаите на отстранување на итни дефекти на подземните инсталации.

**Член 98**

На зелените површини и на земјиштето на кое е предвидено да се уредува зелена површина, телефонска, трлеграфска, електрична и друга инсталација може да се монтира само подземно.

По исклучок во парк-шума и на пошумени тревни површини, инсталациите од претходниот став може да се постават и воздушно но под услов да не го попречуваат правилниот развиток на вегетацијата, да не го нарушуваат естетскиот изглед на зеленилото и да не го попречуваат нормалното користење на овие зелени површини.

**Член 99**

Во парковите, јавните зелени површини, парк-шумите, водно-рекреативните површини забрането е:
- корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;
- било какво оштетување на зеленилото (соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, одкорнување на цветни и тревни посеви и слично);
- собирање на плодови и цветови од дрвјата;
- копање и изнесување на земја, копање на канали, вршење на прокопи и слично;
- фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото определено за таа намена;
- истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен матерјал и слично и покрај зелените површини;
- чување и пасење на добиток и живина;
- закачување, ковање и потпирање на рекламни паноа, натписи и лепење на плакати на дрвјата;
- поставување, поправање, замена и преместување на објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, киосци, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично без одобрение на надлежен орган;
- уништување и оштетување на објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично;
- минување, запирање, паркирање и оставање на било кој вид на возило и нивно миење;
- кршење, оштетување или уништување на корпите за отпадоци, на чешмите, канделабрите и на други уреди и објекти што им служат на зелените површини;
- обавување на било какави други работи кои доведуваат до уништување на зелените површини;
- пуштање на отпадни води, киселини, моторно масло и секаква друга материја што предизвикува загадување;
- истоварување, оставање и складирање на разен матерјал (огревно дрво, јаглен, отпадно дрво, железо, лим и слично);
- фрлање на отпадоци и други предмети во базените и фонтаните;
- газење по затревените површини во парковите;
- косење на тревата во парковите и другите зелени површини без одобрение;
- кубење и кинење на цвеќе;
- палење на огнови во парковите и парк-шумите;
- убивање, прогонување, вознемирување на животинските видови, уништување на нивните развојни облици (ларви, јајцата, младунчињата, седелата, леглата и слично) во парк-шумите;
- подигање на објекти во границите на заштитното подрачје на парк-шумите, освен објекти од јавен интерес кои не го нарушуваат интересот, односно проодниот изглед на теренот на парк-шумата;

- експолатација на камен, чакал, песок и земја од зоната на парк-шумата;
- поставување на разни предмети на стеблата и гранките (светилки, носачи на жични водови, орманчиња скали и слично);
- стопанска експлоатација на дрвните видови во парковите и парк-шумата.

**11. Одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење**

**Член 100**

Под одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење во смисла на оваа Одлука се подразбира редовно одржување на хоризонталната и вертикалната сигнализација и други инфраструктурни објеки на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Берово (сообраќајни знаци, патокази, огради на мостовите и слично) како и зимско одржување на локалните патишта и улици.

**Член 101**

Работи за редовно одржување на локалните патишта и улици се:
- поправка на коловозот и трупот на патот;
- чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, усеци и засеци, чистење и уредување на одводите на патот, риголи, патни канафки, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидови и други објекти на патот;
- работи на одржување на електрични инсталации-замена на дотраени светилки на раскрсници и друго осветлување на патот;
- одржување на прегледност на локалните патишта и улици особено на места на вкрстосување;
- косење на трева уредување и одржување на зелени површини и насади во патното земјиште;
- чистење на снег и мраз од коловозот, посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојните места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот;
- чистење, поставување, замена и поправка на хоризонталната и вертикалната сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патот и друга опрема на патот.

**Член 102**

Работите во врска со редовното одржување на локалните патишта и улици ги врши Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина-Одделение за комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово, врз основа на Годишна програма донесена од Советот на Општина Берово.

**Член 103**

Заради заштита на локалните патишта и улици забрането е:
- заземање земјиште од локален пат или улица;
- спречување на истекување на отпадни води, ниту менување на природниот тек на водите;
- пасење на стока, косење на трева, оштетување и сечење на дрвјата покрај патот, како и оштетување и однесување на матерјалите наменети за одржување на локалните патишта и улици;
- спуштање на дрвја и други матерјали по косините на патот;
- влечење на греди, трупци, плугови, камени блокови и железнички шипки и други слични предмети;
- кочење на запрежни возила со блокирање на тркалата;
- свртување на работни машини и други уреди при обработка на земјата;
- градење на поила за стока и пуштање на стока во заштитниот појас;
- фрлање шут, отпадоци, држење на ѓубришта во заштитниот појас на патот;
- оставање на отпадоци, смет или други материјали на коловозот, банкината, патниот појас или тротоарот;

- испуштање на отпадни или други води и други нечистотии на патот и во патниот појас или во одводните канали или спречување на истекување на водата по патот или одводните канали;
- нанесување кал од пристапните патишта на патот со современ коловоз;
- приклучување или исклучување на возила од патот надвор од уредените места определчени за тоа;
- движење на возила по пешачка патека (тротоар или банкина на патот);
- поставување светлосни направи покрај патот кои му пречат на сообраќајот;
- терање на стока надвор од местата за определени за премин преку патот;
- попречување користење на патот или улицата, преклопување на коловозот, оставање пречки и друг матерјал на коловозот или неовластено поставување разни препреки;
- уништување на сообраќајните знаци, патокази и друга опрема која е во функција на локалните патишта и улици;
- отварање и одстранување на поклопците (капаците) на уличните шахти и решетки;
- вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува и загрозува сообраќајот на патот.

**Член 104**

Зимското одржување на локалните патишта и улици опфаќа редовно чистење на снегот од коловозот, паркиралиштата и тротоарите и фрлање на сол во услови на голомразица.

**Член 105**

Снегот од јавните сообраќајни површини се отстранува-чисти кога ќе наврне до 10 см висина, ако врнежите се непрекинати тој се отстранува повеќе пати.

Ледот од јавните сообраќајни површини се отстранува штом настане.

Начинот, нормативите и другите услови за отстранување на снегот и ледот се утврдува со Програма донесена од Советот на Општина Берово.

Снегот и ледот од покривите покрај јавните сообраќајни површини се отстранува кога постои можност да се одронат и да ја загрозат сигурноста на сообраќајот.

**Член 106**

Физички или правни лица кои ја извршуваат Програмата за отстранување на снегот и ледот се должни, секојдневно да го известуваат Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина - Одделение за комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово, за состојбата на јавните сообраќајни површини и за мерките што се преземени за извршување на Програмата.

**Член107**

За отстранување на снегот и ледот од покривите се грижи сопственикот на зградата, односно физичките или правните лица кои ја одржуваат зградата.

**Член 108**

За отстранување на снегот и ледот од јавните паркиралишта, пазарите на мало, спортските објекти и слични простори се грижат правните или физичките лица кои управуваат со тие површини, односно кои обавуваат деловна дејност.

**Член 109**

За отстанување на снегот и ледот од тротоарите пред зградите, одговорни се сопствениците на зградите односно сопствениците и корисниците на становите и деловните простории.

За отстранување на снегот и ледот од тротоатите пред киосците-трафиките одговорни се сопствениците на истите.

Лицата од ставовите 1 и 2 на овој член одговараат за штетата настаната поради неисчистување на снегот и ледот на лицето кое поради тоа претрпело штета.

**Член 110**

Јавните сообраќајни површини, поради спречување на создавање на ледот или за спречување на лизгање, можат да се посипуваат со соодветен матерјал за таа намена.

Јавните сообраќајни површини покрај дрворедите не смеат да се посипуваат со сол и недозволени хемиски средства.

Физичките и правните лица кои го отстрануваат снегот и ледот од јавните сообраќајни површини должни се материјалот со кој се посипуваат јавните сообраќајни површини да се отстрани, во рок од осум дена после растопувањето на снегот и ледот.

**Член 111**

Јавното претпријатие за комунални работи основано од Општината должно е за одржување на улиците и тротоарите во зимски услови и тоа чистење на снегот од тротоарите и плоштадите, правење пешачки патеки, а по потреба машинско и рачно посипување на сол во соработка со Одделението за комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово.

**12. Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги**

**Член 112**

Под одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги во смисла на оваа Одлука се подразбира одржување на гробовите, гробиштата, просторот, зградите во просторот на гробиштата и давање погребални услуги и тоа: превземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото на закопот.

Гробишта во смисла на оваа Одлука се земјишта кои служат за закоп на умрените, како и земјишта на кои постојат видливи знаци за закопување на умрените.

**Член 113**

Гробиштата на подрачјето на Општина Берово имаат статус на јавен комунален објект.

Гробиштата се изградуваат, уредуваат и одржуваат во согласност со урбанистичките и санитарните прописи и на начин предвиден со пропис на Општината.

Во местата во кои живеат припадници на разни вероисповести, на гробиштата се определува дел за секоја вероисповест.

**Член 114**

Закопот на умрените се извршува само на гробиштата.

На гробиштата се закопуваат умрени лица кои починале на подрачјето на Општина Берово, лица кои во часот на смртта имале живеалиште или престој на подрачјето на општината и поранешни граѓани на Општина Берово.

**Член 115**

Закопот на починатите на подрачјето на општината се врши во гробови.

Големината на гробовите изнесува 1,20 метри во ширина, 2,50 метри во должина и 1,40 метри во длабочина.

**Член 116**

На гробиштата освен гробовите, гробниците и надгробните споменици и надгробните знаци, можат да се градат само објекти за санитарна и техничка служба на гробиштата, мртовечница за чување на умрените до закопот и други објекти во функционална намена на гробиштата.

**Член 117**

На гробиштата може да се одржуваат собири кои се во врска со погребот или со вообичаените помени.

Верските обреди на гробиштата може да се вршат во согласност со прописите и правилата на верските заедници.

Дозволено е верско обележување на гробовите и гробиштата.

**Член 118**

Со гробиштата на територијата на Општината управува јавното претпријатие за комунални работи основано од општината (во натамошниот текст: управител на гробиштата).

Управителот на гробиштата донесуваат план за уредување, одржување и користење на гробиштата го обезбедуваат закопот на посмртните останки на починатиот и водат евиденција за гробните места.

**Член 119**

Простор за гробно место, доделува на користење управителот на гробиштата. Гробното место може да се додели на користење и пред настанување на потребата за закопување (резервација) на член на семејството на починатиот.

За користење на земјиштето за гробови управителот на гробиштата наплаќа надоместок во висина утврдена од Советот на Општина Берово.

Надоместокот за гробните места и сите други приходи од гробиштата можат да се користат само за одржување и уредување на гробиштата.

**Член 120**

За уредување и одржување на гробиштата се грижи управителот на гробиштата, а за уредување на поедини гробови се грижат корисниците на услугуте.

Гробиштата се уредуваат и одржуваат во согласност со урбанистичките и санитарните прописи.

Гробиштата мора да бидат заградени, чисти и уредни.

На гробиштата или во нејзина непосредна близина мора да се одреди посебен простор за фрлање на ѓубре, остатоци од венци и цвекиња како и останатите отпадоци и простор за запалување на старите венци, даски и друг отпаден матерјал.

**Член 121**

Управителот на гробиштата се грижи за:

- обезбедување на потребни санитарно-технички објекти во гробиштата на погодно место, како што се чешми, полски клозети и друго;
- врши пренос на посмртните останки на починатиот;
- уредување на капелата и исправноста на објектите што служат за погреб;
- преодноста и исправноста на патеките;
- исправноста на објектите за вода;
- одржување на зеленилото;
- чистење на гробиштата и слично.

Управителот на гробиштата се грижи за уредување и редовно одржување на гробиштата и гробовите на борците паднати во Антифашистичката војна и другите национално ослободителни војни на Македонија и за заштита од оштетување и уништување на спомениците и другите знаци со кои тие се обележени.

**Член 122**

Вршењето на верските обреди на гробиштата е слободно секој ден.

Граѓаните и лицата корисници на земјиштето на гробиштата се должни да се придржуваат на редот за одржување на гробиштата и да се однесуваат онака како што одговара на местото и должното почитување кон починатите.

**Член 123**

На гробиштата не се дозволува: викање и на друг начин нарушување на мирот во гробиштата, носење на кучиња и други животни, пасење на стока, неовластено косење на трева, газење по гробовите, оштетување на гробовите, надгробните споменици и знаци, клупите и останатите објекти, оштетување на оградата на гробиштата, собирање на прехрамбени и други производи од гробовите оставени од блиските на починатите, поставување на непристојни натписи или било какви реклами.

Забранети се натписи со кои се навредува било чија националност и верска припадност или со која се навредува почитувањето на починатиот.

**Член 124**

Изградбата на гробовите, надгробните споменици и знаци, може да го врши претпријатие или физичко лице кои имаат одобрение за обавување на вакви дејности и член на потесното семејство на починатиот.

Не се дозволува изградба на надгробни споменици да вршат физички лица кои не се државјани на Република Македонија.

**Член 125**

За обликување на надгробните плочи, споменици, натписи и за уредување на гробовите одлучуваат корисниците на гробовите придржувајки се на планот за уредување на гробиштата.

**Член 126**

Не се дозволува внесување градежни матерјали за изградба на споменици, како и изградба на истите во временскиот период од 15.00 претходниот до 7,00 часот наредниот ден.

**Член 127**

Погребалните услуги ги вршат физички и правни лица кои имаат дозвола за вршење на погребални услуги (оператор на погребални услуги).

Операторот на погребални услуги е физичко или правно лице коие врши работи на преземање на умреното лице од местото каде што починало, превезување до мртовечница, чување, опремување и превоз на умреното лице до местото на погреб, погребување или кремирање.

Закопот на починатите на гробиштата се врши на начин утврден со оваа Одлука.

**Член 128**

Преносот на посмртните останки на починатиот го врши операторот на погребалните услуги само со возила регистрирани исклучиво за таа намена, а во населените места на вообичаен начин.

Тоалетирање, односно бањање, бричење, шминкање на починатиот, кога тој се донесува веднаш по смртта во капелата се врши во специјална за тоа просторија во склоп на капелата.

Останките на починатите се пренесуваат во капелата два часа по настанатата смрт или најкасно 12 часа по смртта во зависност од времето на настанување на смртта.

Погребувањето се врши по истекот на 24 часа од часот на смртта.

**Член 129**

Управителот на гробиштата, со претходно добиената согласност на подрачната единица на Министерството за здравство може да одобри екскумација на гробовите по барање на заинтересираното лици или по барање на надлежен орган.

Посмртните останки на починатиот од гробовите што се прекопуваат (екскумација) се закопуваат во заеднички костурници, а во колку заинтересираното лице близок на починатиот, одлучи посмртните останки да се закопаат на друго место, тоа му се дозволува.

**Член 130**

Давателот на услугите треба да води евиденција за:

- сите видиви гробови:
- починатите лица закопани во гробиштата;
- ископаните лица што биле закопани на гробиштата, а покасно се пренесени на други гробишта;
- именик на закопаните лица со ознаки на местото на кое тие се закопани.

**Член 131**

Градската капела има карактер на јавен комунален објект.

Со посебна Одлука , градската капела во Берово, е преотстапена на користење на ЈКПР„Услуга “ Берово.

ЈКПР„Услуга“ Берово има обврска објектот да го стави во функција, да стопанисува со него, да го чува и одржува во исправна состојба.

Трошоците за користење и одржување на објектите се на товар на ЈКПР„Услуга“ Берово.

**Член 132**

Чување на покојниот до закопот се врши во градската капела.

Преносот на покојниот до градската капела се врши со возила регистрирани исклучиво за таа намена.

Прифаќањето на покојникот во капелата се врши во секое време во текот на 24 часа.

Во градската капела ќе фукционира дежурна екипа во текот на 24 часа.

**Член 133**

Дозволено е седење во градската капела, односно во просторијата за изложување на покојниот само два часа пред времето на закопот.

Во градската капела не се дозволува нарушување на мирот и редот.

Внесување на храна и пијалоци во градската капела е дозволено само во посебни простории за таа намена.

**Член 134**

Во градската капела е дозволено палење на свеќи само на места определени за таа цел.

**Член 135**

Во градската капела може да се вршат верски обреди кои не се во спротивност со прописите за правната положба на верските заедници.

**Член 136**

Посмртните останки на лица умрени од акутни заразни болести може да се внесат во градската капела само во лимен сандак и отварање на таквите сандаци не е дозволено.

**Член 137**

Преносот на покојниот од капелата до гробното место се врши со посебно возило наменето за таа цел.

**Член 138**

За одржување на капелата управителот на гробиштата е должен да донесе посебен правилник за кој согласност дава Советот на Општина Берово.

**13. Одржување на јавно осветлување**

**Член 139**

Под одржување на јавното осветлување се подразбира одржување на уличното осветлување во исправна состојба и тоа одржување на објектите и инсталациите, редовна замена на светлечките тела (сијалици и арматура), чистење и боење на електричните столбови.

**Член 140**

Јавните сообраќајни површини, пешачките и другите главни патишта на јавните зелени површини мораат да имаат јавно осветлување.

Јавното осветлување мора да биде изведено во склад со современата светлосна техника, земајки го во предвид значењето на пооделни делови на градот и населените места, пооделните јавни површини, сообраќајот и потребите на граѓаните.

Светлосните тела мораат да бидат функционални и естетски обликувани.

Јавното осветлување мора редовно да се одржува во состојба на функционална способност.

Јавното осветлување, по правило, мора да свети преку целиот ноќен период.

**Член 141**

За одржување на јавното осветлување Советот на Општина Берово донесува Годишна програма за одржување на јавното осветлување на Општината во која е утврдена динамиката и обемот на одржувањето, како и потребните средства за одржување на јавното осветлување и потрошувачката на електричната енергија за јавното осветлување, прибраната такса од корисниците и бројот на корисниците.

**Член 142**

Заради вршење на услугата на одржување на јавното осветлување општината согласно Законот за јавни набавки може да склучи договор со правно или физичко лице.

Надзор над работите во врска со одржувањето на јавното осветлување врши Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина преку Одделението за комунални работи на Општина Берово.

Оделението за комунални работи на Општина Берово се грижи за спроведување на реализацијата на Годишната програма за одржување на јавното осветлување и е должно да поднесува годишен извештај до Советот на Општина Берово.

**Член 143**

Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување забрането е:

- оштетување и уништување на светлосните тела и светлосните столбови:
- поставување на огласи, известување, реклами и слично освен исклучиво со одобрение на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово.

**14. Одржување и користење на јавен простор за паркирање**

**Член 144**

Под одржување и користење на јавен простор за паркирање се поразбира одржување на просторот за паркирање и објектите во него и давање на соодветни услуги како и утврдувањето на начинот на неговото користење.

Проблематиката во врска со одржувањето на користењето на јавниот простор за паркирање е регулирано со посебни прописи донесени од Советот на Општина Берово кои се составен дел на оваа Одлука.

Јавните паркиралишта мораат да се одржуваат чисти и уредни.

На јавните паркиралишта забрането е да се врши било каква трговска дејност, да се врши утовар и истовар на стока и други работи што не се во склад со намената на јавниот простор за паркирање без одобрение на Секторот за урбанизам, коминални работи и заштита на животната средина на Општиан Берово.

**15. Одржување и користење на градскиот зелен пазар и сточниот пазар**

**Член 145**

Под одржување и користење на градскиот зелен пазар и сточниот пазар се подразбира одржување на комуналните објекти, односно просторот на објектите изградени за давање на услуги на трговија.

**Член 146**

Одржувањето и користењето на пазарите од претходинот член го врши јавното претпријатие за комунални работи основано од Општина Берово или правно и физичко лице овластени од страна на општината (во натамошниот текст: даватели на услуга).

Давателот на услугата изготвува Одлука за пазарен ред, за која согласност дава Советот на Општина Берово.

**Член 147**

Давателот на услугата е должен пазарите да ги чисти и одржува во уредна-хигиенска состојба и во зимскиот период да го чисти снегот и мразот.

Давателот на услугата е должен најмалку еднаш неделно да вршат детално миење на градскиот зелен пазар.

**Член 148**

Одржувањето и користењето на градскиот зелен пазар и сточниот пазар се состои во:

- Уредување на просторот на градскиот зелен пазар (одржување, поставување, одбележување на градежните места, распределба и закуп на продажни места, набавка и замена на тезги, одржување на санитарните простории на пазариштата;
- метење, перење и дезинфекција на пазариштата;
- наплата на такса за користење на продажните места;
- обезбедување на стоката складирана на продажните места.

**Член 149**

Давателот на услугата е должен градскиот зелен и сточен пазар да ги отвара секоја среда во 15 часот и да ги затвори во четврток во 17 часот, и да изврши метење и дезинфекција до 22 часот во четврток.

**Член 150**

Се забранува:

1. Складирање и продажба на стока на градскиот зелен пазар надвор од градежните места одбележани на пазарот;
2. Паркирање на моторни и други возила на градскиот зелен пазар;
3. Фрлање на неквалитетни и непродадаени производи, амбалажа и други отпадоци надвор од контејнерите на пазарот;
4. Палење оган на градскиот зелен и сточен пазар;
5. Ноќевање на градскиот зелен и сточен пазар;
6. Колење живина на сточниот пазари.

**Член 151**

За продажба на земјоделските производи во населените места на Општина Берово, Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Берово издава решение, за користење на јавна површина со точно утврдено место, час и ден кога истите можат да се придаваат.

Во издаденото Решението од став 1 на овој член, се утврдува цена по м2 со Одлука донеседна од Советот на општина Берово.

Корисникот на јавната површина по завршувањето на продажбата е должен да ја врати јавната површина во уредна состојба.

**Член 152**

Контрола над одржување и користење на градскиот зелен пазар, сточниот пазар и пазарите во населените места го врши Овластен комунален инспектор и комунален редар на Општина Берово.

**16. Вршење на оџачарски услуги**

**Член 153**

Под вршење на оџачарски услуги се подразбира чистење и контрола на објектите за спроведување на чад и опремата за ложење.

Заради организирано и навремено вршење на оџарски услуги на подрачјето на општина Берово во рамките на јавното претпријатие за комунални работи основано од Општина Берово, може да формира посебна служба за вршење на оџачарски услуги.

Оџачарските услуги можат да ги вршат и други правни и физички лица овластени од Општината согласно Законот.

**Член 154**

Корисници на услугата на комуналната дејност од член 153 на оваа Одлука се сите правни и физички лица кои имаат во сопственост или користат стамбени или деловни простори на територијата на Општина Берово.

**Член 155**

Корисниците на услугата се должни да извршат чистење на оџаците најмалку еднаш годишно доколку истите ги користат во грејната сезона.

Чистење на оџаците вообичаено се врши пред почетокот на грејната сезона и тоа во месеците септември и октомври.

**Член 156**

На барање на корисникот на услугата, давателот на услугата е должен да изврши чистење на оџаците и претходно писмено ги известува за денот и часот кога ќе се чистат оџаците.

Станарите во колективните станбени згради се должни на лицето кое врши оџачарски услуги непречно да му овозможат чистење на оџаците ако за истото бидат писмено известени од страна на давателот на услугата и тоа во рок од најмалку 5 дена пред отпочнувањето на чистењето.

**Член 157**

Висината на цената и начинот на плаќање се врши на предлог на давателот на услугата.

**Член 158**

Од обврската за плаќање на комуналната услуга-чистење на оџаците се ослободени станарите во колективните стамбени згради кои во грејната сезона исклучиво ја користат електричната енергија за затоплување на нивните станови.

**17. Одржување на комунални уреди**

**Член 159**

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема.

**Член 160**

На плоштадите и поголемите раскрсници можат да се поставаат јавни часовници кои мораат да бидат уредни и исправни.

Правни или физички лица можат на зградите што ги користат да поставаат часовници само со одобрение на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово и истите мораат да бидат уредни и исправни.

**Член 161**

Јавните клозети можат да се градат на плоштади, пазари, во паркови, на сообраќајници и слични места кои мораат да бидат опремени со соодветна опрема, да

бидат уредни, исправни и да ги исполнуваат техничките и хемиските услови согласно законските и другите прописи.

**Член 162**

Водоскоците, фонтаните, чешмите и други слични украсни објекти можат да се градат и поставуваат на места на кои со својот изглед ја разубавуваат околината по претходно добиено одобрение од Секторот за урбанизам и комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово.

Водоскоците, фонтаните и другите слични украсни објекти мораат да бидат исправни и уредни.

**Член 163**

За уредување и одржување на комуналните уреди и објекти како што се јавните клозети, фонтани, водоскоци, чешми и други слични украсни комунални уреди ќе се грижи јавното претпријатие за комунални работи основано од општината.

**Член 164**

Јавните телефонски говорници можат да се поставaт на места каде што граѓаните се собираат или задржуваат, како што се плоштади, пазаришта, стоковни куќи, болници, автобуски станици и слични места.

**Член 165**

Поштенските сандачиња можат да се постават на места каде што граѓаните се собираат или задржуваат, исто така и на колективни згради кои имаат поголем број на станови.

**Член 166**

Јавните телефонски говорници и поштенските сандачиња ги поставува и одржува правното лице кое ја обавува дејноста на поштенските услуги и телекомуникацијата.

Давателите на услугите од претходниот став се должни телефонските говорници и поштенските сандачиња да ги одржуваат уредно и исправно и до колку се расипат да ги поправат најкасно во рок од 3 дена од настанувањето на дефектот.

**Член 167**

Поставувањето на јавни часовници, клозети, фонтани, часовници, водоскоци и други слични украсни објекти, телефонски говорници и поштенски сандачиња на јавни површини, може да се врши само со одобрение на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово и согласно проектите за партерно уредување на просторот и објектите каде што се поставуваат комунални уреди.

**Член 168**

Заради функционалноста на намената на комуналните уреди забрането е:

1. Миење и перење на јавните чешми, фонтани и водоскоци;
2. Напојување на животни на јавните чешми, фонтани и водоскоци;
3. Кршење на уредите и опремата;
4. Пишување на натписи, шарење или цртање на истите;
5. Фрлање и оставање на комунален отпад на истите;
6. Загадување на водата во фонтаните и водоскоците;
7. Поливање со било какви течности на комуналните уреди.

**18. Отстранување и чување на непрописно паркирани возила, хаварисани возила и земјоделски машини со приклучни или без приклучни орудија**

**Член 169**

Под отстранување и чување на непрописно паркирани возила, хаварисани возила и земјоделски машини во смисол на оваа Одлука се подразбира начинот и постапката за отстранување на оштетени, неисправни, неправилно или непрописно запрени или паркирани возила од јавните сообраќајни површини и други јавни површини на подрачјето на Општина Берово.

**Член 170**

Како јавни сообраќајни површини во смисла на член 169 од оваа Одлука се подразбира: коловозот на јавните патишта, улици, плоштади, паркиралишта, тротоари, пешачки патеки, јавни пазаришта и други јавни сообраќајни површини.

**Член 171**

Неправилно или непрописно запрено или паркирано возило е она возило кое е паркирано или запрено на јавните сообраќајни површини спротивно на важечките прописи за безбедност на сообраќајот и патиштата и запрените и паркираните возила на другите јавни површини.

**Член 172**

Под отстранување и чување на возило во смисла на оваа Одлука се подразбира транспортирање и подигање на возилата со специјални возила и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за нивно чување.

**Член 173**

Отстранувањето на возилата од јавните сообраќајни површини го врши овластениот субјект од страна на општината и по налог и присуство на овластено службено лице од ОВР Берово, Инспекторот по сообраќај и патишта на надлежното Министерство или Овластен инспектор за локални патишта и улици и сообраќај при Општина Берово.

Отстранувањето на возилата од други јавни површини го врши овластен субјект од страна на Општината и по налог на Овластениот инспектор за комунални работи при Општина Берово.

**Член 174**

Овластеното лице од член 173 од оваа Одлука ако на јавна сообраќајна површина најде возило во смисла на член 171 на оваа Одлука се должни веднаш да издадат наредба на овластениот субјект за негово отстранување.

**Член 175**

За отстранување на возилата од другите јавни површини надлежните инспекциски органи на сопственикот, односно на носителот на правото на користење на возилото ќе му издадат решение, со кое ќе му наложи отстранување на возилото во рок од 3 дена од денот на врачувањето на решението.

Доколку сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото не го отстрани сам возилото во рокот утврден во претходниот став на овој член надлежните инспекторски органи, изготвуваат записник и издаваат наредба за отстранувањето на возилото до овластениот субјект за отстранување.

Во записникот треба да се содржат најмалку следните податоци:
- тип, марка и регистарски број на возилото;
- состојба на возилото;
- краток опис на оштетувањето доколку возилото е оштетено.

За возилото од член 171 на оваа Одлука чии сопственици, односно носители на правото на користење на возилото, не се познати овластените службени лица од член 173 на оваа Одлука се должни веднаш да издадат наредба за нивно отстранување.

Овластениот субјект по издадената наредба од страна на овластените службени лица е должно веднаш да отпочне со отстранување на возилото во присуство на овластените службени лица.

**Член 176**

Овластеното правно лице или физичко лице е должно отстранетите возила да ги смести на посебно обезбеден простор наменет за нивно паркирање и да ги чува до нивното предавање на сопственикот, односно на носителот на правото на користење на возилото.

Чувањето на возилото не може да трае подолго од 30 дена.

По истекот на рокот од претходниот став овластениот субјект ќе покрене постапка пред надлежниот орган за надомест за направените трошоци за чување на возилото.

Просторот од став 1 на овој член го определува овластениот субјект по претходна согласност од страна на Секторот за урбанизам, коминални работи и заштита на животната средина на Општина Берово.

**Член 177**

При примопредавањето на отстранетото возило, сопственикот односно носителот на правото на користење на возилото е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и својот идентитет.

Примопредавањето од претходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.

По исклучок од ставот 2 на овој член примопредавањето на возилото што се отстранува може да се изврши на самото место од каде се отстранува.

**Член 178**

Примопредавањето на отстранетото возило се врши по наплатата на трошоците за отстранување односно со приложен документ за наплатени трошоци.

**Член 179**

Трошоците односно висината на надоместокот за отстранување и чување на непрописно паркираните возила ги утврдува Советот на Општината со посебна Одлука.

Трошоците за отстранување и чување за хаварисани возила се утврдуваат со посебен договор склучен помеѓу овластениот субјект и Градоначалникот на Општината.

**Член 180**

Трошоците за отстранување и чување на возилото паѓаат на товар на сопственикот односно носителот на правото на користење на возилото.

Доколку при отстранувањето на возилото тоа биде оштетено без вина на овластениот субјект за отстранување, трошоците ќе ги сноси сопственикот, односно носителот на превото на користење на возилото.

**19. Ерадикција на животни скитници**

**Член 181**

Под ерадикција на животни скитници во смисол на оваа Одлука се подразбира хумано решавање на проблемот со животните-скитници и тоа: собирање, привремено згрижување, стерилизирање, вакцинирање, дехелментизација на здравите и еутаназиаја на болните кучиња и мачки скитници со цел за зачувување на здравјето на населението и отстанувањето на изворите на заразните заболувања, како и смалување на можноста од нивно пренесување, спречување на евентуални економски штети и унапредување на хигиенските услови за живот.

**Член 182**

Општина Берово е надлежна за собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и повремено да ги сместат во соодветни објекти-прифатилишта.

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин на кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Трошоците за заловување и третман на регистрираните и нерегистрираните кучиња се на товар на сопствениците на кучињата, а во случај на бездомни кучиња се на товар на Општина Берово.

Решавањето на проблемот на животните скитници Општина Берово може да го довери на Јавното претпријатие за комунални работи основано од општината или на друго правно или физичко лице кое ги исполнува условите согласно законските прописи.

**Член 183**

Советот на Општина Берово донесува годишна програма за решавање на проблемот на животните скитници која содржи: реална проценка на бројот кучињата и мачките скитници што треба да се третираат во тековната година, условите и организацијата на извршувањето на предвидените работи и средствата за реализација на програмата.

**Член 184**

Се забранува:

1. Држење на кучиња кои не се врзани или на друг начин обезбедени и невакцинирани против беснило.
2. Шетање и пуштање во слободно движење на опасни расни сорти на кучиња по улици, тротоари, паркови и други јавни површини без заштитна мрежа на муцката.
3. Отстрел на животни кучиња скитници без овластување и надзор од Јавното претпријатие за комунални работи основано од општината или друго овластено правно или физичко лице.
4. Фрлање на убиени и умрени животни надвор од сточната јама.
5. Фрлање на прехрамбени продукти на кои се ставени отрови и други средства за тровење на животни без одобрение и надзор од Јавното претпријатие за комунални работи основано од општината или друго овластено правно или физичко лице.

## 20. Украсување на населените места

**Член 185**

Градот Берово и населените места на подрачјето на Општина Берово мораат да бидат уредени.

Под уредување на градското подрачје и на населените места на подрачјето на Општина Берово се подразбира уредување на надворешните делови на зградите, излозите, поставувањето на реклами, натписи јавното осветлување во посебни прилики на свечености и празници, комуналните објекти и комуналната опрема и уредување на други површини во склоп на поставувањето на објекти и слично.

**Член 186**

Надворешните делови на зградите (фасадите, балконите, терасите, влезните врати, прозорците и друго) мораат да бидат уредни и чисти, а оштетувањата мораат да се поправаат од сопствениците.

Забрането е уништување на фасадите на зградите и по нив да се испишуваат пораки, известувања, да се црта, шара или на друг начин да се валкаат или нагрдуваат.

**Член 187**

На прозорците, балконите, оградите и на другите делови од зградите, непосредно свртени кон улицата или плоштадот забрането е сушење на алишта, постелнина, теписи и други слични предмети и уреди.

На прозорците, балконите, оградите и на другите слични делови на зградата по правило се држи цвеќе и украсни билки.

**Член 188**

Оградите покрај јавните површини мораат да бидат изработени така да се вклопуваат на околината.

Правните и физичките лица се должни оградите покрај јавните површини кои ги користат да ги држат уредни.

Оградите покрај јавните површини мораат да се одржуваат така да не преставуваат опасност за минувачите.

Оградите од украсно заленило (жива ограда) покрај јавните сообраќајни површини мораат редовно да се одржуваат и најмалку два пати годишно да се режат така да не се протегаат преку регулационата линија на јавната сообраќајна површина и да не сметаат на сообраќајот и пешаците.

**Член 189**

Дворовите, градините и другите слични површини пред зградите и неизграденото градежно земјиште покрај јавните површини, сопственикот, односно корисниците можат да ги одржуваат уредно и на нив да засадат цвеќе или украсни билки.

**Член 190**

Излозите на продавниците и другите деловни објекти мораат да бидат естетско уредени во склоп на самиот објект и околината на која се наоѓаат и сопствениците на истите се должни редовно да ги одржуваат.

Аранжирањето на излозите по правило треба да е соодветно и изложување на стоки за кои е наменет објектот.

Разните натписи, реклами, соопштнија и слично кои се поставуваат на самите излози потребно е да бидат естетско обликувани.

**Член 191**

За време на новогодишните и божиќните празници потребно е излозите на продавниците и другите деловни објекти од страна на сопствениците или корисниците да бидат свечено украсени.

**Член 192**

За време на новогодишните и божиќните празници и во посебни прилики на свечености, плоштадите и потесниот реон на централното градско подрачје потребно е да бидат свечено украсени и јавното осветлување да биде дополнето со свечено украсни светлосни елементи врз основа на Програма донесена од Советот на Општината.

**21. Одржување на јавни санитарни јазли**

**Член 193**

Јавните санитарни јазли ги одржува јавното претпријатие за комунални работи основано од Општина Берово или друго правно или физичко лице овластено од страна на Општината.

Јавните санитарни јазли мораат да бидат опремени со содветна санитарна опрема и субјектите од став еден на овој член должни се истите да ги одржуваат во чиста и исправна состојба, редовно да ги варосуваат и дезинфицираат.

**Член 194**

Јавните санитарни јазли мораат да бидат изградени според пропишаните санитарно-хигиенски услови, односно да се изградени од тврд матерјал, поврзани со канализација и водовод, а доколку не поминува канализационата мрежа да се изградат прописни септички јами без да се излеваат и истите редовно да се одржуваат чисти, да се варосуваат и дезинфицираат.

**Член 195**

За користење на јавните санитарни јазли може да се наплатува соодветен надоместок што ќе го определи давателот на услугата.

**Член 196**

Забрането е оштетување на санитарната и друга опрема во јавните санитарни јазли.

**22. Аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација**

**Член 197**

Со аерозапрашување (аеросолна дезинсекција) се уништуваат штетни инсекти (муви, комарци и слично) на подрачјето на Општина Берово.

Со дезинсекција се уништуваат инсекти кои не можат да се уништат со аерозапрашување.

Со дезинфекција се уништуваат штетни бактерии во комунални објекти (јавни водни површини).

Со дератизација се уништуваат глувци и стаорци.

**Член 198**

Аерозапрашување се спроведува еднаш годишно.

Дезинсекцијата се врши по потреба и по барање на заинтересираните субјекти, а во согласност со пропишаните нормативи и стандарди.

Дезинфекцијата се спроведува системски во согласност со утврдени нормативи.

Дератизација се спроведува најмалку еднаш годишно, а по потреба и повеќе пати во тековната година.

**Член 199**

Целта на аерозапрашувањето, дезинфекцијата и дератизацијата е зачувување на здравјето на граѓаните, отстранување на изворите на заразни заболувања и намалување на можности за пренесување зарази.

**Член 200**

Вршењето на аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација Општина Берово може да го довери на овластен субјект специјализиран за вршење на истите дејности.

Аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација се врши по потреба, а врз основа на Одлука донесена од Советот на Општина Берово кој обезбедува финансиски средства за превземање на овие мерки.

**Член 201**

Секторот за комунални дејности и заштита на животната средина, урбанизам и локален економски развој е должен на време преку средствата за јавно информирање да ја извести јавноста за времето и начинот на спроведување на аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација и за мерките што треба да ги преземат граѓаните.

## 23. Отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина во урбани средини

**Член 202**

На подрачјето на град Берово во границите на градежниот опфат, се забранува држење и чување на секаков вид на ситна и крупна стока и перната живина (коњи, маски, магариња, свињи, овци, кокошки, гуски, мисирки, пајки и слично).

Во населените места на подрачјето на општината може да се чува добиток и перната живина на начин пропишан со посебните прописи за санитарно-здравствено и хигиенска заштита.

Забрането е колење на ситна и крупна стока и живина на јавните и сообраќајните површини во општината.

Се забранува задржување, напасување и хранење на ситна стока, крупна стока и живина на јавните и сообраќајните површини во општината.

**Член 203**

Терање на добиток во градот може да се врши до зелениот и сточниот пазар и обратно на начин на кој не се загрозува безбедноста на сообраќајот и улиците што се определени за таа намена од страна на Советот на Општина Берово.

Граѓаните кои во градот влегуваат со товарен или запрежен добиток должни се истиот да го опремат на начин на кој нема да биде загадена и оштетена јавната површина.

Сместувањето на добиток во идивидуалните дворови и други места во градежниот опфат е забрането.

**Член 204**

На подрачјето на градот, во градежниот опфат чување на гулаби е дозволено само во дворните места на индивидуалните стамбени објекти.

По исклучок со писмена согласност на куќниот совет може да се чуваат гулаби и во дворните места на колективните стамбени згради.

Чувањето и одгледувањето на гулаби не смее да пречи во нормалното живеење на соседите.

До колку гулабите го пореметуваат нормалното живеење на соседите на било кој начин надлежните инспекциски органи можат да наредат преместување на гулабарникот или забрана на чување и одгледување на гулаби.

**Член 205**

Сопствениците на кучињата на подрачјето на Општина Берово се должни да ги пријават своите кучиња еднаш годишно во ветеринарните амбуланти кои се овластени за спроведување на ветеринарно здравствена заштита од јавен интерес, со цел да ги регистрираат и идентификуваат , како и да ги исполнат одредбите во однос на здравствената заштита согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство.

Сопствениците на кучињата треба на влезната врата во дворот на видливо место да постават табла со која недвосмислено се укажува на присуство на куче, без разлика дали кучето или кучињата чиј е сопственик се опасни или не.

Кучињата кога се на јавно место треба да бидат врзани на поводник, освен кога се на јавни места каде е дозволено кучињата слободно да се движат во придружба на нивните сопственици.

По исклучок од ставот 3 на овој член ловечки кучиња за време на лов и овчарски кучиња кои придржуваат стадо не треба да бидат врзани со поводник.

Општина Берово во соработка со здруженијата за заштита на животните можат да потикнуваат одговорно сопственишство и да донесат програми кои ги поттикнуваат сопствениците соодветно да се грижат за своите миленици , да ги кастрираат, односно ојаловат и да ја погиднуваар јавната свест во однос на важечките прописи кои се однесуваат на домашните миленици.

**Член 206**

Кучињата кои можат да претставуваат опасност за луѓето и за животните , согласно важечките законски прописи, се прогласуваат за опасни кучиња и се внесуваат во Регистарот на опасни кучиња кој што го води Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

За опасни кучиња се сметаат кучињата :

-кои без причина нападнале човек и му нанаеле телесни повреди или смрт;
-кои се затекнати во организирана борба на животни;
-од одредени раси и нивни мелези кои заради нивните расни карактеристики може да претставуваат опасност за луѓето и животните и
-кои на тестот за социјализација се прогласени за опасни кучиња.

Сопственикот или одговорното лице на опасното куче треба да обезбеди услови за држење на животното согласно со расата, потребите и карактеристичното однесување , при што вклучително треба:

-кучето да го чува во заграден простор или врзано и
-при движење кучето да го врзе на поводник и да му стави заштитна маска.

Опасното куче при движење треба да биде придржувано од полнолетно лице.

Со посебен пропис Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија ги пропишува расите на кучиња кои се прогласуваат за опасни кучиња.

**Член 207**

Во случај кога куче нападнало човек или животно, се врши проценка на околностите под кои се случил нападот и се спроведува тест на социјализација за утврдување на агресивност на кучето.

По спроведената дресура и при повторно спроведување на тестот на социјализација за утврдување на агресивност на кучето , доколку кучето не е агресивно, се кастрира и ојаловува и му се враќа на сопственикот, а во случај на невозможност за ресоцијализација истото се еутанизира.

Доколку се работи за бездомно куче и постои интерес за вдомување , истото се праќа на ресоцијализација. Доколку не може да се ресоцијализира , истото се еутанизира. И кога не постои интерес за вдомување на кучето, истото се еутанизира по истекот на 30 дена од денот на неговото заловување.

Во случај која кучето нападнало човек по втор пат, истото веднаш се одзема и еутанизира.

**Член 208**

Ситната и крупната стока и живината мора да бидат регистрирани кај надлежната ветеринарна установа согласно законските прописи и редовно да бидат вакцинирани.

**Член 209**

Отстранувањето на ситна и крупна стока и живината ќе се врши по наредба на надлежните инспекциски органи и други надлежни органи согласно важечките прописи.

**24. Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини**

**Член 210**

Истоварот, сечењето, цепењето, складирањето на огревното дрво и јаглен треба да се врши во дворните места на стамбените и деловните објекти.

Во исклучителни случаи тоа може да се прави и на јавни површини, но при тоа не смее да се спречи нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот и протекот на атмосверските води, со претходно добиено одобрение од надлежниот орган во општината.

Огревното дрво, јагленот и сличен матерјал мораат да се отстранат од јавните и сообраќајните површини најкасно во рок од 5 дена од денот на истоварот и после тоа јавната површина да се доведе во првобитна положба.

Не е дозволено цепење на огревно дрво и кршење, разбивање на јаглен на јавните и сообраќајните површини.

**25. Складирање и чување на градежни материјали без издадено одобрение на надлежен орган**

**Член 211**

Складирањето и чувањето на градежни матерјали по правило се врши во сопствени дворни места на правните и физичките лица при што мораат да бидат превземени сите потребни мерки за заштита од пожар.

По исклучок од претходниот став, Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Берово, може да издаде одобрение за складирање и чување на градежни матерјали на јавни и сообраќајни површини под услов пропишан со Одлуката за јавна чистота и Законот за градење.

Забрането е складирање и чување на градежен матерјал на јавни и сообраќајни површини без издадено одобрение од надлежен орган од став 2 на овој член.

**26. Имиња, излози, реклами, заштитни справи и плакати**

**Член 212**

Правните и физичките лица, кои се должни на основа на посебните прописи, истакнуваат на предната страна од зградата во која го користат деловниот простор, односно во која е седиштето на фирмата, соодветна натписна плоча, односно фирма (во натамошниот текст: име).

Името мора да биде читливо и технички и естетски обликувано, јазично исправно, уредено и во согласност со посебните прописи.

Сопствениците на зградата должни се да дозволат поставување на името.

Правните и физичките лица должни се да го отстранат името во рок од 15 дена од престанокот на обавувањето на дејноста, односно иселувањето од зградата.

**Член 213**

Излозите и другите слични објекти што служат за изложување на стоки мораат да бидат технички и естетски обликувани, со соодветно осветлување и усогласено со изгледот на зградата и околината.

Излозите мора редовно да се уредуваат, чистат и перат.

Во излозите не смеат да се држат складишта на стока или амбалажа.

**Член 214**

На подрачјето на градот, на објектите, земјиштето и другите простори можат да се поставуваат рекламни конструкции, рекламни плочи, рекламни паноа, рекламни знамиња, транспаренти и други пригодни натписи, рекламни сандачиња, огласни паноа, патокази кои не се сметаат за сообраќаен знак и други објекти кои служат за рекламирање и информирање (во натамошниот текст: реклами) исто така и јарболи за знамиња, заштитни направи на излозите и слично со одобрение на Секторот за комунални дејности и заштита на животната средина, урбанизам и локален економкси развој на Општина Берово.

**Член 215**

Плакатите, огласите и објавите (во натамошниот текст: плакати) можат да се истакнуваат само на места определени со Одлука донесена од Советот на Општина Берово.

Исклучиво за одредени манифестации Секторот за комунални дејности и заштита на животната средина, урбанизам и локален економски развој може да одобри истакнување на плакати и на други места.

Трошковите настанати околу отстранувањето на плакатите и чистењето на местата на кои не смеат да бидат истакнати ги сноси организаторот на приредбата или манифестацијата, односно правното и физичките лица чија приредба, манифестација или производ се огласува.

**Член 216**

Имињата, рекламите, јарболите за знамиња, заштитните направи на излозите и плакатите мора да се одржуваат чисти, уредни и исправни, а дотраените мора да се обновуваат, односно заменат.

Предметите од став 1 на овој член не смеат да се оштетуваат, валкаат или уништуваат.

**27. Споменици, спомен плочи, скулптури и слични предмети**

**Член 217**

На подрачјето на Општина Берово на објектите, земјиштето и на други простори можат да се поставуваат споменици, спомен плочи, скулптури и слични предмети (во натамошниот текст: споменици).

За поставување и отстранување на споменикот, потребно е одобрение од Секторот за комунални дејности и заштита на животната средина, урбанизам и локален економски развој на Општина Берово, ако со посебните прописи не е друго утврдено.

**Член 218**

За поставување на споменик подносителот на барањето е должен да поднесе скица, технички опис, означената локација и образложение за потребата од поставување на споменикот.

Секторот за комунални дејности и заштита на животната средина, урбанизам и локален економски развој во постапката за издавање на одобрение за поставување или

отстранување на споменикот е дожен да прибави согласност од надлежниот орган во општината за култура.

Ако се работи за поставување или отстранување на споменик во спомен или сеќавање на личност од политичкиот живот на државата или општината, ќе се прибави согласност од Советот на Општина Берово.

Во постапката за издавање на одобрение за поставување споменик, Секторот за комунални дејности и заштита на животната средина, урбанизам и локален економски развој ќе прибави мислење од Заводот за заштита на спомениците на културата, ако се поставува или отстранува споменик за кој е утврдено дека има обележије на споменик на културата, или ако се работи за поставување на споменик на подрачјето или на објект кој е споменик на културата или на природата.

**Член 219**

Кога споменикот се поставува на објект или земјиште кое е во сопственост на други физички или правни лица, подносителот на барањето е должен да прибави согласност од сопственикот во согласност со прописите за сопственоста.

**Член 220**

Спомениците мораат да се одржуваат уредно и да бидат заштитени од уништување.

Спомениците не смеат да се валкаат, оштетуваат, уништуваат, не смее да се пишува или црта по нив ниту на било кој начин да се нагрдува нивниот изглед.

**28. Урбана опрема и времени објекти**

**Член 221**

На подрачјето на Општина Берово може да се поставуваат времени објекти и урбана опрема.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализацијата на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект. Времен објект се поставува заради вршење на: - сообраќајни дејности (привремени паркинзи и природни патеки); - туристички, културни, спортско-рекреативни и забавни дејности (информативни паноа, платформи за спортски, културни, туристички и забавни настани, придружни објекти во функција на спортски настани и летни дискотеки) и - објекти кои се во функција на граничните премини;

Урбана опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште. Под урбана опрема се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

**Член 222**

За урбана опрема не се сметаат привремено поставените објекти на физичките и правните лица кои обавуваат комунални дејности и направите што тие лица ги користат при вршење на работите од својот делокруг.

**Член 223**

Со поставувањето на урбаната опрема не смее да се спречува или отежнува користењето на зградите или на другите објекти и да се загрозува сигурноста на сообраќајот или да се уништуваат јавните зелени површини.

Сместувањето на урбаната опрема во близина на раскрсниците мора да одговара на условите за безбедност и сигурност и со својата положба не смее да ја намалува прегледноста на одвивање на сообраќајот.

**Член 224**

Урбаната опрема се поставува така да со својата положба и сместување што подобро да ја задоволат целта и намената за која е поставена.

Урбаната опрема може според својата намена да се поставаат само на оние места на кои поради тоа нема да дојде до создавање пресилна гласност, нечистотија или попречување на сообраќајот и на оние места на кои нема да се намали естетскиот или општиот изглед на тој простор.

Поодделни места на јавните површини и другите површини покрај јавните површини на кои е одобрено привремено поставување на маси и столови, чадори за сонце и слично со цел за организирање на отворени простори-тераси, може да бидат оградени со подвижни огради и украсени со зеленило и украсно цвеќе.

Урбаната опрема и нејзината околина мора да се држи уредна и исправна.

**Член 225**

Урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

**Член 226**

Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината.

**Член 227**

Урбана опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема, кое го издава градоначалникот на општината.

**Член 228**

Општината донесува годишна програма за поставување на времени објекти со која се утврдува просторот на кој можат да се поставаат времени објекти, кој треба да е градежно незиградено земјиште, сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура и за кој е донесена урбанистичко планска документација.

Програмата од ставот 1 се донесува од страна на советот на општината, по добиена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

По одобрувањето на програмата од ставот 1 на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, на предлог на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје спроведува постапки за доделување под краткотраен закуп на градежното земјиште опфатено со програмата, согласно со Законот за градежно земјиште.

Времените објекти се поставуваат по добиено одобрение за поставување на времен објект, кое го издава градоначалникот на општината на лицата кои склучиле договор за краткотраен закуп за предметното земјиште.

**Член 229**

По повод државни и други празници, разни манифестации и слично, може да се организира пригодно уредување на јавните површини во градот и во населените места на Општина Берово.

Пригодно уредување се организира со поставување на објекти, уреди, подвижни направи, опрема, украси, украсни светилки, божиќни дрвја (елки, смреки, борови и слично).

Пригодното уредување се врши со одобрение на Секторот за комунални дејности и и заштита на животната средина, урбанизам и локален економски развој при Општина Берово.

За поставување на светлечки лампиони, украсни предмети без рекламни пораки, украсни дрвја и слично на објекти и други простори во сопственост на Општина Берово не се плаќа надоместок.

**II. Коминален ред во населените места на подрачјето на Општина Берово**

**Член 230**

Одредбите на оваа Одлука што се однесуваат во вршењето на комуналните дејности:

1. Обработка и депонирање на комунален цврс отпад;
2. Депонирање на индустриски отпад и штетни материи;
3. Депонирање на отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи;
4. Одржување и користење на паркови, зеленило, водни и рекреативни површини;
5. Одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење;
6. Одржување на гробишта, гробови и давање погребални услуги;
7. Одржување на јавно осветлување;
8. Одржување на јавниот простор за паркирање;
9. Одржување и користење на пазари на големо и мало;
10. Вршење на оџачарски услуги;
11. Одржување на комунални уреди;
12. Отстранување и чување на неправилно паркирани возила, хаварисани возила, земјоделски машини со приклучни орадија, ерадикција на животни скитници, украсување на населените места, одржување на јавни санитарни јазли, аерозадарување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација;
13. Сечење и складирање на огревни дрва и јаглен на јавни и сообраќајни површини,

се однесуваат и за сите населени места на подрачјето на Општина Берово.

**Член 231**

Одредбите на оваа Одлука што се однесуваат за вршење на комунални дејности:

1. Снабдување со вода за пиење;
2. Обработка и испорака на технолошка вода;
3. Одведување и пречистување на отпадни води и
4. Одведување и испуштање на атмосверски води,

се однесуваат и за оние населени места на подрачјето на Општина Берово каде има изградено канализациона и водоводна мрежа.

**Член 232**

Во населените места на подрачјето на Општина Берово во кои не е изградена канализација за отпадни води, отпадните води односно фекалиите се испуштаат задолжително во септички јами.

Септичките јами не смеат да бидат отворени, треба да се бетонирани од горната страна и добро заштитени.

Септичките јами треба да бидат оддалечени од стамбените и деловните простории односно објекти на соседите најмалку 10 метри, а од водоснабдителните објекти најмалку 15 метри.

Доколку површината на просторот на дворните места е помала и не можат да се исполнат условите од претходниот став, септичките јами можат да бидат и на помало растојание од објектите на соседите.

Септичките јами треба редовно и хигиенски да се одржуваат.

Септичките јами не смеат да се празнат на јавните и сообраќајните површини, ниту во отворените канали за истек на атмосврските води.

Септичките јами ги чистат овластени физички или правни лица, кои се должни да склучат договор со Јавното претпријатие за комуналани работи основано од Општина Берово кое го одржува колекторскиот систем, заради испразнување на цистерната со фекалии од септичките јами со точно определено место во колекторскиот систем.

**Член 233**

Во населените места на подрачјето на Општина Берово во кои не е изградена канализациона и водоводна мрежа сопствениците и корисниците треба да имаат изградено санитарно-хигиенски клозети.

Клозетите можат да бидат изградени и во дворните места на станбените и деловните објекти но под услов да бидат од тврд матерјал, со бетонирана дупка, поврзана со септички јами без прилив, да бидат оддалечени од стамбените и деловните простории односно објекти на соседите најмалку на растојание 10 метри, да бидат изградени според пропишаните санитарно-хигиенски улови и истите редовно да се одржуваат чисти, да се варосуваат и дезинфицираат.

**Член 234**

Чистењето на септичките јами и полските клозети треба да го врши јавното претпријатие за комунални работи основано од Општина Берово или правно или физичко лице овластено од општината со специјални возила цистерни, при што претходно се обезбедуваат санитарно-хигиенски мерки, а по извршеното чистење мора да се изврши дезинфекција на теренот околу септичката јама и полскиот клозет.

**Член 235**

Шталите во населените места на подрачјето на Општина Берово мора да бидат изградени оддвоено од стамбените и деловните објекти и да се оддалечени од соседите на растојание најмалку од 10 метри и редовно да се одржуваат и чистат.

Отпадот од стопанските објекти-штали, каде се чува крупен и ситен добиток се отстранува од сопственикот или корисникот на објектот. Сопственикот или корисникот на објектот отпадот, треба редовно да го чисти и дислоцира од имотот како не би предизвикал последици од: загрозување на животната средина и здравјето на луѓето, загадување на водите, воздухот и почвата и создавање на непријатна миризба.

**Член 236**

Чување на крупна и ситна стока и живина во населените места е дозволено само во посебно изградени санитарно-хигиенски објекти во сопствените дворови кои треба да бидат оддалечени од стамбените и деловните објекти на соседите најмалку 10 метри и да бидат превземени сите санитарно-хигиенски и здравствени мерки пропишани согласно Законот.

**Член 237**

Одредбите од оваа Одлука се однесуваат и на делови од подрачјето на град Берово (градежниот опфат на градот) каде се уште нема изградено канализациона и водоводна мрежа.

**III. Мерки за спроведување на комунален ред**

**Член 238**

За спроведување на оваа Одлука општините назначуваат комунални редари.

Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од член 2 на оваа Одлука се утврдуваат со посебни програми за секоја дејност поодделно во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

Програмите од став 1 на оваа одлука ги донесува Советот на Општина Берово.

**IV.Надзор**

**Член 239**

Инспекциски надзор над оваа Одлука врши Одделението за инспекциски надзор на Општина Берово преку овластените општински комунални инспектори.

Надлежните општински комунални инспектори вршат инспекциски надзор над:
- јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од општината;
- физичките и правни лица на кои Општина Берово им доверила вршење на соодветни комунални дејност согласно со закон;

-примената на одредбите на Одлуката за комунален ред.

**Член 240**

За извршениот инспекциски надзор општинските комунални инспектори за утврдените недостатоци изготвуваат записник.

Врз основа на записникот општинските комунални инспектори донесуваат решение со кое го определуваат начинот и рокот на отстранување на недостатокот.

Доколку сторителот на прекршокот сам не го отстрани недостатокот, инспекторот ќе донесе заклучок за дозвола за извршување , при што трошоците паѓаат на товар на сторителот на прекршокот.

**Член 241**

Против решението на комуналните општински инспектори дозволена е жалба во рок од 8(осум) дена од денот на приемот на решението.

По жалбата против решението на општинските комунални инспектори одлучува Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, должен е да покрене постапка пред надлежниот орган.

**Член 242**

Надлежните општински инспектори имаат легитимација издадена од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

**Член 243**

Субјектите на надзорот се должни на општинските комунални инспектори да им овозможат непречено спроведување на инспекциски надзор и да им ја дадат на увид целокупната потребнадокументација за вршење на надзорот.

**Член 244**

Ако надлежните општински инспектори во својата работа наидат на отпор, можат да побараат помош - асистенција од надлежните полициски органи.

**Член 245**

Ако објектот или предметот кој е поставен на основа на одобрение од Секторот за комунални дејности и заштита на животната средина, урбанизам и локален економски развој има недостатоци или оштетувања или не е поставен во согласност со одобрението, надлежниот општински инспектор ќе нареди на сопственикот, односно корисникот нивно отклонување, односно негово усогласување со одобрението.

Ако недостатоците на објектот или предметот од претходниот став на овој член во оставениот рок не бидат отстранети, односно не бидат усогласени со одобрението ќе се нареди нивно отстранување.

**Член 246**

Ако правните и физичките лица кои ја обавуваат комуналната дејност не ја обавуваат или неуредно ја обавуваат дејноста, според одредбите на оваа Одлука, надлежниот општински инспектор, ќе одреди рок во кој тие се должни тоа да го сторат.

**Член 247**

Надлежните општински инспектори поднесуваат до Советот на Општина Берово извештај за нивната работа најмалку еднаш годишно.

**IV. Казнени одредби**

**Член 248**

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, во мандатна постапка со издавање на мандантен платен налог, ако постапува спротивно на одредбите од оваа одлука.

Надлежните општински инспектори се должни да водат евиденција за издадените мандатни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 2 (два) се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандатниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 3(три) се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

Формата и содржината на мандатниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

**Член 249**

Во случај на спротивно постапување од одредбите од оваа одлука, за правните лица односно трговците поединци и физичките лица –корисници на комунални услуги, во случаи тастативно наброени во законот, ќе се применуваат одредбите од позитивните Законски прописи на комуналната дејност.

**V. Преодни и завршни одредби**

**Член 250**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за комунален ред и мерки на нејзиното спроведување на подрачјето на Општина Берово бр. 07-3156/1 од 28.12.2010 година.

**Член 251**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2814/1 — Совет на Општина Берово
30.08.2018 год. — Претседател
Б е р о в о — Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за дислокација на опрема од градскиот пазар
поради изградба на современ Зелен пазар во Берово

Се објавува О Д Л У К А за дислокација на опрема од градскиот пазар поради изградба на современ Зелен пазар во Берово, Бр.09-2815/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/6 — ОПШТИНА БЕРОВО
31.08.2018 год. — Градоначалник
Б е р о в о — Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седница одржана на 30.08.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за дислокација на опрема од градскиот пазар
поради изградба на современ Зелен пазар во Берово

Член 1

СЕ ДИСЛОЦИРА Урбаната опрема - Тезгите од локацијата на градскиот пазар во Берово, лоциран на ул. „Никола Тесла“ во Берово, со кои стопанисува Јавното комунално претпријатие „Услуга“ од Берово, поради изградба на современ Зелен пазар во Берово на истата локација, до добивање на употребна дозвола за новиот пазар.

Член 2

Како нова локација за времено дислоцирање на градскиот пазар, СЕ ОПРЕДЕЛУВА јавната површина - дел од уредениот дел од кејот на рек Брегалница, на дел од КП 2283/1, КО Берово, и на дел од паркинг просторот кај Детската градинка во Берово, на КП 2223, КО Берово, на која јавна површина ќе се воспостави посебен режим на сообраќај.

Член 3

Се задолжува, Корисниикот ЈКПР „Услуга“ Берово, да ја уреди и обезбеди новата времена локација од градскиот пазар, да ја стави во функција, да стопанисува и редовно да ја одржува чиста, и да овозможи нормален пристап со возило до објектите во останатите денови од неделата, надвор од пазарниот ден.

Член 4

Дислокацијата и користењето на просторот на новата локација, ќе заврши со завршувањето на изградбата на објектот Зелен пазар во Берово, и со неговото пуштање во употреба.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објавува во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2815/1
30.08.2018 год.
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на донација, Бр.09-2816/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/7 ОПШТИНА БЕРОВО
31.08.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија’’ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.61/04……192/2015), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 30.08.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација**

Член 1

Со оваа одлука, Општина Берово ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги за цели од јавен интерес, дадена од давателот ПАКОМАК ДОО Скопје.

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Берово се состои во 150 (сто и педесет) пластични зелени канти од 120 литри за собирање на отпад, со вредност од 149.565,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 3

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се прими и реализира согласно закон.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Берово, како примател на донацијата и ПАКОМАК ДОО Скопје како донатор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2816/1 Совет на Општина Берово
30.08.2018 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за недонесување на Одлука
за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново
во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот,
за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван

Се објавува З А К Л У Ч О К за недонесување на Одлука за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван, Бр.09-2817/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/8 ОПШТИНА БЕРОВО
31.08.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) , Советот на Општина Берово на седницата одржана на 30.08.2018 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за недонесување на

О Д Л У К А
за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново
во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот,
за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван

1. Советот на Општина Берово не ја донесе ОДЛУКАТА за усогласување на намените на урбанистички план за село Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат на планот, за КП 1363, КО Русиново, по барање на Белчовски Иван.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2817/1 Совет на Општина Берово
30.08.2018 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

ПРАВИЛНИК
за критериумите и постапката за определување на првенец на генерација во основните и средното училиште во Општина Берово

Се објавува ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за определување на првенец на генерација во основните и средното училиште во Општина Берово Бр.09-2818/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/9
31.08.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/2002) и член 19 став 2 точка 11 од од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово“ бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008 и 20/2010), Советот на Општина Берово на 12.та седница одржана на ден 30.08.2018 година донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за критериумите и постапката за определување на првенец на генерација во основните и средното училиште во Општина Берово**

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**
**Член 1**

(1) Со овој Правилник се утврдуваат критериумите и постапката за определување на првенец на генерација за учениците од ООУ „Дедо Иљо Малешевски“, ООУ „Никола Петров Русински“ и ОСУ „Ацо Русковски“ Берово, како и начинот на доделување на парични награди за истите.

(2) Средствата за реализација на парични награди за првенец на генерација ќе се планираат во Буџетот на Општина Берово на годишно ниво по претходно направена процена, во соработка со училиштата.

**Член 2**

(1) Номинирање и избор на ученик на генерација ќе се врши на крајот на секоја учебна година од учениците кои своето основно или средно образование ќе го завршат во ООУ „Дедо Иљо Малешевски“, ООУ „Никола Петров Русински“ и ОСУ „Ацо Русковски“ Берово.

(2) Со примената на одредбите на овој Правилник се постигнува поголема објективност при номинацијата на кандидати за изборот на ученик на генерацијата, а пак изборот на ученик на генерацијата од номинираните се спроведува по демократски пат.

**ПАРИЧНИ НАГРАДИ**
**Член 3**

(1) Со наградите се стимулира развојот на позитивни особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите резултати со воспитно - образовната дејност.

(2) Учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение, кои покажале високи резултати во наставата и воннаставните активности, на крајот на завршувањето на основното или средното образование можат да бидат парично наградувани.

(3) Парична награда се доделува на ученик/чка во основното или средното образование во некое од училиштата на територија на Општина Берово, кој/а од страна на училиштето ќе биде прогласен за првенец на генерација.

**ВРЕДНОСТ НА ПАРИЧНАТА НАГРАДА**

**Член 4**

(1) Градоначалникот на Општина Берово ќе доделува парична награда за првенец на генерација.

(2) Критериумите, начинот на предлагање и пријавување ги пропишува Советот на Општина Берово, за средствата кои ќе бидат доделени од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

(3) Вредноста на паричната награда за првенец на генерацијата изнесува 10.000,оо денари.

(4) Исплатата на средствата за наградите за првенец на генерација ќе се врши од Програма А0 Совет на Општина потставка 464 990, други трансфери.

**КРИТЕРИУМИ, ПРЕДЛАГАЊЕ, НОРМИРАЊЕ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**КРИТЕРИУМИ И ПРЕДЛАГАЊЕ**

**Член 5**

(1) Предлогот на кандидати за ученик на генерацијата се дава врз основа на следниве критериуми:

- Кандидатот да постигнувал среден успех 5.00 на крај на наставната година во текот на сите пет години во основното образование(од IV – IX одделение) и во текот на сите четири години во средното образование;
- Да учествувал на училишни, општински, регионални, државни, меѓународни натпревари или проекти;
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на оправдани изостаноци во текот на школувањето да биде најмногу 50 по учебна година (изостаноците од болничките лекувања не се земаат предвид);
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголем од 5 (за секоја учебна година поодделно);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во проекти за унапредување на училиштето, да имал позитивни ставови и да се застапувал за основните човечко - морални особини: работливост, одговорност, чесност, искреност, скромност и племенитост;

**Член 6**

(1) Предлогот на кандидати за ученик на генерација се врши во рамките на секое IX одделение и секоја паралелка од IV година.

(2) Самиот чин, предлог за ученик на генерацијата може да произлезе од:

- класна заедница;
- класен раководител;
- предметен професор - наставник, кој изведува настава во таа паралелка.

**НОРМИРАЊЕ**

**Член 7**

(1) За секој од предложените кандидати во секоја паралелка/одделение класниот раководител изработува бодовна листа врз основа на критериумите за номинација на кандидати за ученик на генерацијата.

**Член 8**

(1) Бодови по било кој од критериумите за номинација, се добиваат само врз основа на валиден писмен документ.

**Член 9**

(1) Критериуми за номинирање на кандидатите за ученик во генерација.

1. Среден успех на крајот на наставната година - се собира средниот успех од сите години, се дели со четири за средно образование и со шест за основно образование и добиениот број се множи со 20.

2. Оправдани отсуства – при рангирањето на кандидатите, на секој кандидат кој има оправдани изостаноци, бројот на истите се множи со 0,1 со што се добива бројот на бодови кои треба да се одземат од вкупните бодови на кандидатот.

3. Неоправдани изостаноци

- се толерираат најмногу 5 неоправдани изостаноци по година
- За секој неоправдан изостанок во текот на школувањето се одзема 1 бод
- Бројот на негативните бодови се собира и одзема од вкупниот број на бодови.

4. Натпревари – во случај ученикот - кандидати да учествувал и освојувал награди на училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари, му се вреднуваат сите награди. Бодирањето е дадено во следната точка од овој член.

5. Дополнителни активности на кандидатите:

- За учество во проекти организирани од училиштето и постигнати резултати во истите, кандидатот може да добие за секој проект ..........10 бодови;
- За учество во проекти организирани надвор од училиштето и постигнати резултати во истите, кандидатот може да добие за секој проект ................10 бодови;
- За активно учество и организација на семинари, конгреси, дебати на ниво на држава и меѓународно ниво........5 бодови;

(2) Бодовните листи на предложените кандидати класните раководители ги предаваат во затворен коверт на директорот на училиштето.

**Член 10**

(1) Од сите предложени кандидати за ученик на генерацијата се изработува единствена ранг листа.

(2) Завршната ранг листа ја изработува комисија составена од класните раководители IX одделение и од IV година.

**Член 11**

(1) Ако со примената на критериумите од член 9 од овој правилник три ученици од единствената ранг листа имаат ист број бодови, се земаат предвид работните оценки во текот на сите учебни години.

(2) Класниот совет изготвува предлог ранг - листа од номинираните кандидати и ја доставуваат до наставничкиот совет.

(3) Наставничкиот совет ја усвојува ранг - листата и го прогласува првенецот на генерацијата.

(4) Еден примерок од одлуката за усвојување на ранг – листата и примерок од ранг – листата се доставува до Одделението за управување со човечки ресурси во Општина Берово, за понатамошно постапување во процесот на изготвување на Решение за доделување на средства за првенец на генерација. Како пропратни документи се доставуваат и копии од сите документи врз основа на кои училиштето одлучило ученикот/ученичката да биде прогласен за првенец на генерација.

(5) Заедно со документите наведени во претходниот став, училиштата доставуваат:

- пополнети пријави за секој ученик;
- изјава од родителите/старателите за согласност за обработка на личните податоци;
- уверение за државјанство за ученикот во оригинал или копија заверена на нотар, или копија од личен документи за идентификација (лична карта или пасош) за ученикот/чката;
- потврда од училиштето дека ученикот/чката е запишан/а како редовен ученик во основно/средно училиште во учебната година; и
- фотокопија од трансакциска сметка на ученикот/чката (доколку ученикот/чката нема сопствена трансакциска сметка, тогаш доставува фотокопија од трансакциска сметка на еден од родителите/старателот и фотокопија од личен документи за идентификација од родителот/старателот на чие име е трансакциската сметка),

најкасно до 30 јули во тековната година, но не покасно од 10 август за календарската година, по претходно доставено барање од страна на градоначалникот на Општина Берово, кои ученици од нивното училиште се прогласени за првенец на генерација.

**Член 12**

(1) Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, по утврдените критериуми ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Берово на денот на Општина Берово – 23-ти Август.

(2) По доставата на пријава и потребна документација од страна на училиштата, за секој ученик, се изготвува записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош, во кој се констатира дали учениците ги исполнуваат критериумите за доделување на награди и дали доставената документација е комплетна и уредна.

(3) Доколку училиштата достават уредна и комплетна документација, по изготвувањето на записници од комисијата за учениците, од страна на Градоначалникот на Општина Берово се донесува Решение за доделување на парична награда за учениците кои се прогласени за првенец на генерација.

(4) Пријавата за ученикот/чката која е доставена од училиштето, еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за доделување на парична награда се доставува до Одделението за финансиски прашања.

(5) Еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за доделување на парична награда се доставува до Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош од Општина Берово.

(6) По еден примерок од Решението за доделување на парична награда се доставува до ученикот/чката и во архива на Општина Берово.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

(1) Пријавата ќе биде достапна во електронска форма за симнување на веб страната на Општина Берово.

(2) Документите кои е потребно да бидат доставени во прилог на пријавите, училиштата се должни да ги обезбедат по службена должност од учениците.

**Член 14**

(1) Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

*Изготвила:*
*Зорица Ризовска*
*Одделение за управување со човечки ресурси*

**Број 09 -2818/1** **Совет на Општина Берово**
**30.08.2018 година** **Претседател**
**Берово** **Јован Матеничарски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за
Општина Берово за извештајниот период (кумулативно)
за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година
(втор квартал)

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година (втор квартал), Бр.09-2819/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/10 ОПШТИНА БЕРОВО
31.08.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) , Советот на Општина Берово на седницата одржана на 29.05.2018 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за
Општина Берово за извештајниот период (кумулативно)
за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година
(втор квартал)

1. Советот на Општина Берово го усвои Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2819/1 Совет на Општина Берово
30.08.2018 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

## Квартален извештај за извршувањето на буџетот за општина Берово за извештајниот период(кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година

**Општина Берово**

**Извештаен период : од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година**

**Датум на поднесување на извештајот: 31.07.2018 година**

| | | Приходи - Квартал втор | Буџет за 2018 година | | Блок дотација за 2018 година | | Самофинансирачки активности за 2018 година | | Донации за 2018 година | | Кредити за 2018 година | | Вкупно за 2018 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација за II квартал | План | Реализација за II квартал | План | Реализација за II квартал | План | Реализација за II квартал | План | Реализација за II квартал | План | Реализација за II квартал | Останато за реализација до крај на 2018 година |
| | | **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС:** | | | | | | | | | | | | | |
| | | **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | 66,853,639.0 | 29,192,047.0 | 153,446,825.0 | 63,183,253.0 | 13,798,000.0 | 4,262,187.0 | 33,747,780.0 | 16,406,015.0 | 0.0 | 0.0 | 267,846,244.0 | 113,043,502.0 | 154,802,742.0 |
| | | **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 50,800,200.0 | 19,102,816.0 | 133,106,083.0 | 53,883,624.0 | 10,968,000.0 | 4,116,120.0 | 11,082,808.0 | 5,130,818.0 | 0.0 | 0.0 | 205,957,091.0 | 82,233,378.0 | 123,723,713.0 |
| | | **КАПИТАЛЕН БИЛАНС:** | | | | | | | | | | | | | |
| | | **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | 18,834,361.0 | 1,737,895.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 18,834,361.0 | 1,737,895.0 | 17,096,466.0 |
| | | **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 34,887,800.0 | 10,246,438.0 | 20,340,742.0 | 115,000.0 | 2,830,000.0 | 33,490.0 | 22,664,972.0 | 6,376,084.0 | 0.0 | 0.0 | 80,723,514.0 | 16,771,012.0 | 63,952,502.0 |
| 71 | | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 32,455,033.0 | 14,856,564.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 32,455,033.0 | 14,856,564.0 | 17,598,469.0 |
| | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 1,690,000.0 | 740,122.0 | | | | | | | | | 1,690,000.0 | 740,122.0 | 949,878.0 |
| | 712 | Придонеси за социјално осигурување | 0.0 | 0.0 | | | | | | | | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| | 713 | Даноци на имот | 8,192,033.0 | 5,317,037.0 | | | | | | | | | 8,192,033.0 | 5,317,037.0 | 2,874,996.0 |
| | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 0.0 | 0.0 | | | | | | | | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачк | 0.0 | 0.0 | | | | | | | | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| | 717 | Даноци на специфични услуги; | 20,093,000.0 | 8,422,035.0 | | | | | | | | | 20,093,000.0 | 8,422,035.0 | 11,670,965.0 |
| | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност; | 2,480,000.0 | 377,370.0 | | | | | | | | | 2,480,000.0 | 377,370.0 | 2,102,630.0 |
| 72 | | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 5,065,528.0 | 1,591,437.0 | 0.0 | 6,000.0 | 13,798,000.0 | 4,262,187.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 18,863,528.0 | 5,859,624.0 | 13,003,904.0 |
| | 721 | Претприемачки приход и приход од имот; | | | | | | 1,490.0 | | | | | 0.0 | 1,490.0 | -1,490.0 |
| | 722 | Глоби,судски и административни такси | 510,000.0 | 233,490.0 | | | | | | | | | 510,000.0 | 233,490.0 | 276,510.0 |
| | 723 | Такси и надоместоци | 1,250,000.0 | 682,167.0 | | | 8,118,000.0 | 2,699,002.0 | | | | | 9,368,000.0 | 3,381,169.0 | 5,986,831.0 |
| | 724 | Други Владини услуги | 30,000.0 | 22,000.0 | | | 5,650,000.0 | 1,521,000.0 | | | | | 5,680,000.0 | 1,543,000.0 | 4,137,000.0 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 3,275,528.0 | 653,780.0 | 0.0 | 6,000.0 | 30,000.0 | 40,695.0 | | | | | 3,305,528.0 | 700,475.0 | 2,605,053.0 |
| 74 | | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 29,333,078.0 | 12,744,046.0 | 153,446,825.0 | 63,177,253.0 | 0.0 | 0.0 | 33,747,780.0 | 16,406,015.0 | 0.0 | 0.0 | 216,527,683.0 | 92,327,314.0 | 124,200,369.0 |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 29,333,078.0 | 12,744,046.0 | 153,446,825.0 | 63,177,253.0 | | | | | | | 182,779,903.0 | 75,921,299.0 | 106,858,604.0 |
| | 742 | Донации од странство | | | | | | | 33,747,780.0 | 16,406,015.0 | | | 33,747,780.0 | 16,406,015.0 | 17,341,765.0 |
| | 744 | Тековни донации | | | | | | | | | | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 75 | | ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| | 754 | Друго домашно задолжување | | | | | | | | | | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 73 | | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 6,505,000.0 | 1,737,895.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 6,505,000.0 | 1,737,895.0 | 4,767,105.0 |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 50,000.0 | | | | | | | | | | 50,000.0 | 0.0 | 50,000.0 |
| | 732 | Продажба на стоки | 0.0 | | | | | | | | | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 6,455,000.0 | 1,737,895.0 | | | | | | | | | 6,455,000.0 | 1,737,895.0 | 4,717,105.0 |
| | 734 | Приходи од дивиденти | 0.0 | | | | | | | | | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 74 | | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 12,329,361.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 12,329,361.0 | 0.0 | 12,329,361.0 |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 12,329,361.0 | 0.0 | | | | | | | | | 12,329,361.0 | 0.0 | 12,329,361.0 |
| | 743 | Капитални донации | 0.0 | | | | | | | | | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |

**Образложение:**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски
Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година
(втор квартал)

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година (втор квартал), Бр.09-2820/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/11
31.08.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово"бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) , Советот на Општина Берово на седницата одржана на 30.08.2018 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски
Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година
(втор квартал)

1. Советот на Општина Берово го усвои Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2820/1
30.08.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

**Образец К2**

**Кварталеи извештај за достасани ненамирени обврски**

**Општина:** Берово

**Квартал:** од 01.01.2018 година до __30.06.2018 година

**Датум на поднесување на извештајот:** ________ 31.07.2018 година____________________

(ден, месец, година)

*(во денари)*

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | Вкупно | |
| јануари | 1,072,288 | 1,350,095 | 27,271,925 | 20,283,116 | **47,555,041** | **49,977,424** |
| февруари | 1,127,538 | 255,210 | 26,356,657 | 21,295,822 | **47,652,479** | **49,035,227** |
| март | 688,549 | 459,807 | 26,356,657 | 21,117,477 | **47,474,134** | **48,622,490** |
| април | 650,560 | 68,444 | 26,356,657 | 20,882,715 | **47,239,372** | **47,958,376** |
| мај | 581,956 | 138,256 | 26,356,657 | 19,398,531 | **45,755,188** | **46,475,400** |
| јуни | 969,038 | 91,372 | 26,356,657 | 18,117,056 | **44,473,713** | **45,534,123** |
| јули | | | | | **0** | **0** |
| август | | | | | **0** | **0** |
| септември | | | | | **0** | **0** |
| октомври | | | | | **0** | **0** |
| ноември | | | | | **0** | **0** |
| декември | | | | | **0** | **0** |

| Расходна ставка | Вкупно обврски |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | 63,630 |
| 421 | 610,922 |
| 423 | 274,307 |
| 424 | 1,571,090 |
| 425 | 1,672,769 |
| 426 | **1,373,834** |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | 26,356,657 |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | 68,475 |
| 481 | |
| 482 | 12,900,028 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | 642,411 |
| 486 | |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Тотал** | **45,534,123** |

**Образложение:**

**Доспеаните обврски до 30 дена на износ од 969.038,00 ден. се однесуваат на преземени обврски по основ на комунални услуги, поправки и тековно одржување и дел на др.договорни услуги( осигурување, заловување на кучиња и сл.). Обврските до 60 дена на износ од 91.372,00 ден. се останат дел од неизмирени тековни обврски за комунални услуги и тековно одржување.Доспеаните обврски над 60 дена на износ од 18.117.056,00 ден. во најголем дел се однесуваат на неплатени обврски за изведени градежни работи и во споредба со првиот квартал истите се намалени за скоро 3.000.000,00 ден.Обврските се кумулирани поради ограниченоста на општината во можностите за плаќање бидејќи од 29.03.2017 год.општината работи со блокирана сметка и утврден месечен лимит кој во моментот изнесува 7.525.000,00 ден.Доспеаните утужени обврски над 60 дена на износ од 26.356.657,00 ден. на крајот на кварталот се однесуваат на обврски по доставени налози за извршување И.бр.221/2017 од 27.03.2017 и И.бр.788/2017 од 24.10.2017 г.од страна на СИ Павел Томашевски во корист на Пелагонија Инжинеринг ДООЕЛ Штип и АДГ Пелагонија Скопје во стечај на вкупен износ по двата налога од 32.109.600,00 ден.Во претходната година наплатено е по овие налози сума од 4.837.675,00 ден. и затоа во јануари е ставен износ од 27.271.925,00 ден., а во февруари 2018 г.наплатен е износ од 915.268,00 ден.**

Лице за контакт

Име и презиме и тел.број: __Татјанка Муртовска - 033/471-057__________

Овластено лице (печат и потпис)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БЕРОВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата
на секое задолжување на општините и
јавните претпријатија основани од општините
Образец КЗ за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година
(втор квартал)

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец КЗ за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година (втор квартал), Бр.09-2821/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/12 ОПШТИНА БЕРОВО
31.08.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) , Советот на Општина Берово на седницата одржана на 30.08.2018 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата
на секое задолжување на општините и
јавните претпријатија основани од општините
Образец КЗ за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година
(втор квартал)

1. Советот на Општина Берово го усвои Кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Образец КЗ за квартал од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2821/1 Совет на Општина Берово
30.08.2018 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

**Образец К3**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

**Општина:** БЕРОВО

**Извештаен период :** 01.01.2018 година до 30.06.2018 година
( ден, месец, година) ( ден, месец, година)

**Датум на поднесување на извештај:** 31.07.2018
( ден, месец, година)

**Долг на општината** *( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот |
| 1 | Договор за под-заем МСИП/22 | Проект за подобрување на општинските услуги | Светска банка - Министерство за финансии | МКД | 24,048,903 | варијабилна ЕУРИБОР +0,7% | 13 год.за кредит со 3 год.грејс период | 3 години | 23.374.144 | да | полугодишни | 10 февруари 2016 год. | 10 август 2025 год. | 10 февруари 2015 год. | 10 август 2025 год. | | | | | | | | | 23.374.144 | 17.530.609 |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

**Долг на ЈП основани од општината** *( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот | |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Лице за контакт
Име и презиме и телефонски број Татјанка Муртовска - 033/471-057

Овластено лице (печат и потпис):

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БЕРОВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово

Се објавува З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово, Бр.09-2822/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/13
31.08.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) и член 41 став 6 и став 8 од Законот за основното образование (“Службен Весник на Република Македонија” бр.103/2008........64/2018), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 30.08.2018 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово

1. Советот на Општина Берово дава согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2018/2019 година на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово.

2. Составен дел на оваа согласност е табеларен приказ на паралелки, доставен од страна на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово Бр.03-329/1 од 22.06.2018 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2822/1
30.08.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Република Македонија
Општинско Основно Училиште
„ДЕДО ИЉО МАЛЕШЕВСКИ“ п.о.
Бр. 03-329/1
22.6.2018 год.
Берово

Општинско основно училиште
„Дедо Иљо Малешевски“ - Берово

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО

| Примено: | 25.06.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 2093/1 | | |

ДО
СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО

**ПРЕДМЕТ**: Барање согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ„Дедо Иљо Малешевски“-Берово и Подрачните училишта за учебната 2018/2019 година.

Почитувани,

Врз основа на член 41 став 5, 7 од Законот за основно образование(Сл.весник на РМ бр.103/2008,33/10,116/10,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13, 41/14, 116/14, 135/14,10/15, 98/15, 145/15, 30/16,127/16,67/17,64/18), бараме да ни одобрите формирање на паралелки од I до IX одделение со помалку од 24 ученици за учебната 2018/2019 година.

Во прилог Ви ја доставуваме:

- Преглед 1 на барање од ООУ„Дедо иљо Малешевски“Берово за формирање на паралелки од I до IX одделение за учебната 2018-2019 година

Ви благодариме на соработката.

Со почит!

Доставено до:

- Совет на Општина Берово
- Архива

ООУ„Дедо Иљо Малешевски“- Берово
Директор
Наташа Аврамска

www.dim.edu.mk
dedo.iljo.malesevski@gmail.com
тел. 033 471 142, факс. 033 470 288

Република Македонија
Општинско основно училиште
ДЕДО ИЉО МАЛЕШЕВСКИ п.о.
Бр. 03-329/1
22.06.2018 год.
Берово

Примено: 25.06.2018
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | 2093/1 | | |

# ПРЕГЛЕД 1

*на барање од ООУ„Дедо Иљо Малешевски" за формирање на паралелки од I до IX одделение за учебната 2018-2019 година*

| ОПШТИНА | Основно училиште | Наставен јазик | За кое: ООУ или ПУ | I одд. пар. | I одд. учен | II одд. пар. | II одд. учен | III одд. пар. | III одд. учен. | IV одд. пар. | IV одд. учен | V одд. пар. | V одд. учен | вкупно I – V пар. | вкупно I – V учен. | VI одд. пар. | VI одд. учен. | VII одд. пар. | VII одд. учен. | VIII одд. пар. | VIII одд. учен. | IX одд. пар. | IX одд. учен. | вкупно V-IX пар. | вкупно V-IX учен. | ВКУПНО I - IX пар. | ВКУПНО I - IX учен. | Број на ученици со посебни потреби вклучени во паралелките |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | ООУ „Дедо Иљо Малешевски" | Мак. | ООУ „Дедо Иљо Малешевски Берово | 3 | 41 | 3 | 48 | 3 | 46 | 4 | 64 | 3 | 48 | 16 | 247 | 4 | 69 | 4 | 67 | 3 | 58 | 4 | 79 | 15 | 273 | 31 | 520 | 1 |
| | | | | | | | | | | Комбинирани | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Мак. | ПУ Двориште | I одд. | | II одд. | | IIIодд. | | IV одд. | | V одд. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | пар. | учен | пар. | учен | пар. | учен. | пар. | учен | пар. | уче. | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | 1 | 17 | 1 | 14 | 1 | 10 | 0 | 8 | 1 | 11 | 4 | 60 | 1 | 9 | 1 | 9 | 1 | 2 | 1 | 8 | 4 | 28 | 8 | 88 | |
| | | | | Комбинирани | | | | | | Комбинирани | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Мак. | ПУ Будинарци | II одд. | | III одд. | | I одд. | | IV одд. | | V одд. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | пар. | учен | пар. | учен | пар. | учен. | пар. | учен | пар. | уче. | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | 0 | 1 | 1 | 4 | 1 | 5 | 0 | 4 | 1 | 5 | 3 | 19 | 1 | 5 | 1 | 5 | 1 | 7 | 1 | 7 | 4 | 24 | 7 | 43 | |
| | | | | | | Комбинирани | | | | Комбинирани | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Мак. | ПУ Ратево | I одд. | | II одд. | | III одд. | | IV одд. | | V одд. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | пар. | учен | пар. | учен | пар. | учен. | пар. | учен | пар. | уче. | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | 1 | 5 | 0 | 2 | 1 | 4 | 0 | 4 | 1 | 2 | 3 | 17 | | | | | | | | | | | 3 | 17 | |
| | | | | Комбинирани | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Мак. | ПУ Мачево | I одд. | | II одд. | | III одд. | | IV одд. | | V одд. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | пар. | учен | пар. | учен | пар. | учен. | пар. | учен | пар. | уче. | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | 1 | 2 | 1 | 3 | | | | | | | | | | | 1 | 3 | |
| | | | | Комбинирани | | | | | | Комбинирани | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Мак. | ПУ Смојмирово | I одд. | | II одд. | | III одд. | | IV одд. | | V одд. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | пар. | учен | пар. | учен | пар. | учен. | пар. | учен | пар. | уче. | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | 0 | 1 | 0 | 5 | 1 | 4 | 0 | 6 | 1 | 2 | 2 | 18 | | | | | | | | | | | 2 | 18 | |
| | | | | Комбинирани | | | | | | Комбинирани | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Мак. | ПУ Владимирово | I одд. | | II одд. | | | | III одд. | | IV одд. | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | пар. | учен | пар. | учен | пар. | учен. | пар. | учен | пар. | уче. | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | 1 | 2 | 0 | 2 | | | 0 | 4 | 1 | 1 | 2 | 9 | | | | | | | | | | | 2 | 9 | |
| | | | | Комбинирани | | | | | | Комбинирана | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Мак. | ПУ Митрашинци | I одд. | | II оддел. | | III одд. | | IV одд. | | V одд. | | | | VI одд. | | VII одд. | | VIII одд. | | IX одд. | | | | | | |
| | | | | пар. | учен | пар. | учен | пар. | учен. | пар. | учен | пар. | учен. | | | пар. | учен. | пар. | учен. | пар. | учен. | пар. | учен. | | | | | |
| | | | | 1 | 5 | 0 | 5 | 0 | 6 | 1 | 6 | 0 | 4 | 2 | 26 | | | 1 | 5 | 1 | 5 | 1 | 2 | 3 | 12 | 5 | 38 | |
| ВКУПНО | | Мак. | | | 73 | | 80 | | 75 | | 96 | | 75 | 33 | 399 | 6 | 83 | 7 | 86 | 6 | 72 | 7 | 96 | 26 | 337 | 59 | 736 | 1 |

М.П.

Република Македонија
Општинско основно училиште Дедо Иљо Малешевски п.о.
БЕРОВО

**ДИРЕКТОР**
**г-ѓа Наташа Аврамска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово

Се објавува З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово Бр.09-2823/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 30.08.2018 година.

Бр.08-2857/14 ОПШТИНА БЕРОВО
31.08.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10) и член 28 став 3 од Законот за средното образование (“Службен Весник на Република Македонија” бр.44/95........64/2018), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 30.08.2018 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово

1. Советот на Општина Берово дава согласност за формирање на паралелки со помалку од 25 ученика за учебната 2018/2019 година на ОСУ “Ацо Русковски” Берово.

2. Составен дел на оваа согласност е табеларен приказ на паралелки, доставен од страна на ОСУ “Ацо Русковски” Берово Бр.03-418/1 и 03-418/2 од 29.08.2018 година

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2823/1 Совет на Општина Берово
30.08.2018 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Општинско средно училиште
„Ацо Русковски"

ул. Даме Груев бр.15 Берово
тел. +389 78 242 - 684
тел/факс: +389 33 471- 468
e-mail : aruskovski@yahoo.com
web-site: acoruskovski.edu.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
Ацо Русковски
Бр. 03-418/2
29.08 2018 год.
Берово

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО

| Примено: | 30.08.2018г. | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 2782/1 | | |

До
**Совет на Општина Берово**

**Предмет: Барање**

ОСУ "Ацо Русковски" – Берово, бара од Советот на Општина Берово да го разгледа нашето барање и да ги одобри сите 7 паралелки во прва година.

## Образложение:

Ова барање е разгледано на Наставничкиот совет при ОСУ "Ацо Русковски" – Берово и е заклучено, да се формираат во прва година 5 гимназиски паралелки, 1 текстилно – кожарска паралелка и 1 угостителско – туристичка, со што во прва година би имале 7 паралелки.

| ***Година и вид на образование*** | ***Број на паралелки*** | ***Број на ученици*** |
|---|---|---|
| **Прва година** | **7** | **99** |
| Гимназија | 5 | 77 |
| Угостителско-туристичка струка | 1 | 17 |
| Текстилно-кожарска струка | 1 | 5 |

**Табела 1. Преглед на ученици по број и паралелки од прва година**

Имајќи ја во предвид ситуацијата во двете општини со иселување на цели фамилии, во интерес на учениците и на вработените се надеваме дека нашето барање ќе биде разгледано и на него позитивно одговорено за што однапред ВИ се заблагодаруваме.

Општинско средно училиште
„Ацо Русковски"

ул. Даме Груев бр.15 Берово
тел. +389 78 242 - 684
тел/факс: +389 33 471- 468
e-mail : aruskovski@yahoo.com
web-site: acoruskovski.edu.mk

| | Прва | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Берово | | Пехчево | |
| | паралелки | ученици | паралелки | ученици |
| **Гимназија** | 4 | 62 | 1 | 15 |
| **Угостителско-туристичка струка** | 1 | 17 | 0 | 0 |
| **Текстилно-кожарска струка** | 1 | 5 | 0 | 0 |

Однапред Ви благодариме.

Бројна состојба на паралелките

| Паралелка | Број на ученици |
|---|---|
| Први еден | 11 |
| Први два | 16 |
| Први три | 15 |
| Први четири | 20 |
| Први пет ( Пехчево ) | 15 |
| Први шест ( Текстилно – кожарска ) | 5 |
| Први седум ( Угостителско – туристичка ) | 17 |

**Берово, 29.08. 2018 год.**

**ОСУ "Ацо Русковски" – Берово**
**Директор:**
Корчовски Сашко

Општинско средно училиште
„Ацо Русковски"

ул. Даме Груев бр.15 Берово
тел. +389 78 242 - 684
тел/факс: +389 33 471- 468
e-mail : aruskovski@yahoo.com
web-site: acoruskovski.edu.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
Ацо Русковски
Бр. 03-418-1
29.08. 2018 год.
Берово

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО

| Примено: 30.08.2018г. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 2781/1 | | |

**До**
**Совет на Општина Берово**

**Предмет: Барање**

ОСУ "Ацо Русковски" – Берово, бара од Советот на Општина Берово да го разгледа нашето барање и да ги одобри сите 5 паралелки во втора година.

## Образложение:

Ова барање е разгледано на Наставничкиот совет при ОСУ "Ацо Русковски" – Берово и е заклучено, да се формираат во втора година 3 гимназиски паралелки, 1 текстилно – кожарска паралелка и 1 угостителско – туристичка, со што во втора година би имале 5 паралелки. Овие паралелки се веќе постоечките паралелки во прва година од минатата учебна година , со истата бројна состојба.

| *Година и вид на образование* | *Број на паралелки* | *Број на ученици* |
|---|---|---|
| **Втора година** | **5** | **95** |
| Гимназија | 3 | 57 |
| Угостителско-туристичка струка | 1 | 30 |
| Текстилно-кожарска струка | 1 | 8 |

**Табела 1. Преглед на ученици по број и паралелки од втора година**

Имајќи ја во предвид ситуацијата во двете општини со иселување на цели фамилии, во интерес на учениците и на вработените се надеваме дека нашето барање ќе биде разгледано и на него позитивно одговорено за што однапред ВИ се заблагодаруваме.

Општинско средно училиште
„Ацо Русковски"

ул. Даме Груев бр.15 Берово
тел. +389 78 242 - 684
